# СТРАТЕГИЈА
# за
# Локален Економски Развој

# Општина Ѓорче Петров

**Јуни 2012**

## Кратенки

| | |
|---|---|
| ЕУ | Европска Унија |
| ИПА | Инструмент за предпристапна помош |
| ЈКП | Јавно комунално Претпријатие |
| ЈПП | Јавно Приватно Партнерство |
| КУД | Културно Уметничко Друштво |
| ЛЕР | Локален Економски Развој |
| ЛС | Локална Самоуправа |
| МЗ | Месна Заедница |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| НВО | Невладина Организација |
| ОУ | Основно Училиште |
| ЖС | Животна Средина |

# Содржина


Предговор ........ 1

I. Развој на стратегијата за Локален Економски Развој ........ 2

II. Подготовка на стратегијата за Локален Економски Развој ........ 3

III. Визија и Мисија и стратешки определби на Општина Ѓорче Петров ........ 14

IV. Основни карактеристики ........ 16

Географска местоположба и карактеристики ........ 16

Населени Места ........ 18

Природни ресурси ........ 19

Население ........ 22

V. Инфраструктура ........ 23

Генерални карактеристики ........ 24

Анализа, стратешки цели и приоритети ........ 26

VI. Локална Економија ........ 37

Генерални карактеристики ........ 38

Анализа на анкетата спроведена за локалната економија ........ 39

Анализа, стратешки цели и приоритети ........ 43

VII. Заштита на Животната средина ........ 52

Генерални карактеристики : ........ 53

Анализа, стратешки цели и приоритети ........ 54

VIII. Невладини организации ........ 62

Генерални карактеристики : ........ 63

Анализа, стратешки цели и приоритети: ........ 63

IX. Информирање и медиуми ........ 68

IX. ........ 68

Генерални карактеристики: ........ 69

Анализа, стратешки цели и приоритети: ........ 69

X. Здравствена Заштита ........ 73

Генерални карактеристики : ........ 74

Анализа, стратешки цели и приоритети: ........ 74

XI. Образование и Спорт ... 80
Генерални карактеристики ... 81
Анализа, стратешки цели и приоритети ... 83
XII. Култура и Културно наследство ... 89
Генерални карактеристики ... 90
Анализа, стратешки цели и приоритети ... 91
XIII. Социјална Заштита ... 97
Генерални карактеристики ... 98
Анализа, стратешки цели и приоритети ... 99
XIV. Локална Самоуправа ... 104
Генерални карактеристики ... 105
XV. Вкупна листа на стратешки приоритети во Општината ... 112
XVI. Заклучоци и препораки ... 116
XVII. Акциони планови за најважните приоритети во Општината Ѓорче Петров според можностите за нај итно решавање на истите ... 119
Прилози ... 137
Прилог1: Прашалник за бизнис секторот ... 137
Прилог 2: фотографии од процесот на изарботка на Стартегијата за Локален Еконосмки Развој ... 148



**Почитувани читатели,**

Ми претставува особена чест и задоволство да Ви ја претставам Стратегијата за Локален Економски развој на Општина Ѓорче Петров за периодот 2012-2018год., чија основна цел е да креира повеќе годишна стратегија и политика за економско јакнење и развој на општината. Развојот е потреба на секој поединец, стопански субјект, локална самоуправа и држава. Преку него на единствен, координирани ефикасен начин влијаеме на квалитетот на живеење на граѓаните, стопанското окружување и воопшто на условите во пошироката заедница.

Локалниот економски развој подразбира намалување на невработеноста, поголеми приходи, креирање подобри услови за локалните стопанственици, севкупен развој на општината односно создавање на подобро место за живеење за сите нас.

Процесот на изработка на овој документ траеше шест месеци, при што се работеше интензивно, континуирано и квалитетно. За да се постигне целта, односно изработи квалитетен и објективен стратешки документ, беше потребно вклучување на пошироката јавност, односно сите засегнати страни кои на директен или индиректен начин влијаат и зависат од тековните локални, економски и развојни прилики. Затоа, овој документ претставува развојна платформа која преку доследен и аналитички пристап кон идентификувањето на клучните релации и резултирачки проблеми во рамките на секој засегнат сектор, резултираше со низа стратешки приоритети и активности за нивна идна реализација. Негова основна карактеристика е носителите на економскиот развој да покажат подготвеност и да го насочат целиот свој човечки потенцијали развиени системи за работа кон подобрување на општествено-економското и социјално опкружување. Сето ова е со цел да го подобриме квалитетот на живот на своите граѓани, да ги одржиме своите традиционални вредности и карактеристики и да го задржиме приматот на една од најдобрите општини во Република Македонија.

Она што сите го очекуваме е доследна примена на Стратегијата за Локален Економски Развој како основен документ – алатка за мобилизирање на граѓаните, невладиниот сектор, локалните стопанственици и локалната власт во обезбедување на финансиските средства потребни за имплементација на стратешките проекти и економско јакнење на општината.

Ја користам оваа прилика да ја изразам својата благодарност до сите претставници од невладиниот и бизнис сектор, јавните претпријатија, урбаните и месни заедници, членовите на Советот на Општината, консултантите, постојаната комисија и вработените во општината кои помогнаа во изработката на овој важен стратешки документ. Истовремено им заблагодарувам и на сите правни, физички лица, поединци како и на сите граѓани на Општина Ѓорче Петров кои дадоа својот придонес во процесот на изработка на овој документ.

Со почит,

**Градоначалник,**
Г-дин Сокол Митровски

# Предговор

Успешните стратегии за Локален развој се изградени врз основа на факти кои се однесуваат на лoкланите потреби, реланите цели кои се поставуваат во стратегијата, алтентиви на политиките кои се спроведуваат на локално ниво, очекуваните резултати кои ќе ги задоволат потребите на локлната заедница преку интервенции кои можат да се реализираат во планираниот период.

Целиот процес на планирање е составен од огромни предизвици. Често се потребни промени во одредени вообичаени начини на спроведување на постапките со цел успешно да се спроведат активностите кои се во насока на решавање на економските социјалните и прашањата од животната околина. Стратегиите за одржлив локален економски развој се начин за донесување и конкретно спроведување на сите постапки на еден реален, ефективен и долготраен начин.

Стратегиите за одржлив развој претставуваат документи кои произлегуваат од локално учеството на локалните актери низ еден непрекинат процес на анализи, дебати, јакнење на капацитети, планирање и инвестирање, кои ги обединуваат економските, социјалните и еколошките цели на општеството.
Секоја стратегија за локален развој мора да ги помине сите фази со цел истата да биде релевантна и возможна за имплементирање во идина. Потребно е да бидат дефинирани стратешки цели, земајќи ги во предвид опциите за интервенција и флексибилноста на истите, да бидат проценети можните резултати, да бидат истите реализирани со цел стратегијата да дојде до фаза на имплементација.

Добрата стратегија за локален економски развој во своето спроведување ги вклучува локалната власт, граѓанското општетство и приватниот сектор кон креирање на визија за иднината, и ги насочува кон заедничка тактичка и прогресивна работа кон исполнувањето на целите. Таа ги идентификува и надградува можните успешни проекти, ја подобрува интеграцијата помеѓу пристапите, и обезбедува рамка за донесување на одлуки каде тоа не е можно.

Локалниот економски развој постои и треба да им овозможи на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат да постигнат одржлив економски пораст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на живот за сите во заедницата. Стратегијата за локален економски развој се однесува на заедницата која треба да превзема заеднички напори за да ги истакне своите конкурентни предности, да ги подобри можностите за инвестирање во истата, да го зголеми бројот на работните места, ги зголеми приходите на граѓаните во заедницата, да го подигне квалитетот на живеење.

Со овие насоки и обврски на сите партнери кои активно учествуваа во нејзината изработка, е направена и оваа стратегија на Општина Ѓорче Петров.

# I. Развој на стратегијата за Локален Економски Развој

Со изготвувањето на Стратегијата за локален економски развој, Општина Ѓорче Петров заедно со локалната заедница изврши конкретен чекор кон спроведување на децентрализацијата како политички процес и јакнењето на демократските односи, особено во процесот на вклученост и демократско вклучување на граѓаните, бизнис секторот, јавните национални сервиси во процесот на одлучување.

Овој документ и служи не само на Општинатата туку и на сите актери од Општинатата како основа за спроведување на активности на територијата на Општина Ѓорче Петров, како и обврска на сите актери од локалниот развој да работат на спроведување на истата.

Согледувајќи ја моменталната ситуација, сосема е јасно дека заедницата треба да вложи огромен напор во насока на промоција на ресурсите со цел создавање на компетитивни предности кои ќе ги потенцираат и одржат постојните позитивни вредности, а истовремено ќе иницираат на креирање и спорведување на нови. Ова е единствениот начин заедницата да ги употреби ресурсите со цел економскиот систем да биде успешен и остане одржлив.

Од особена важност во развојот на овој процес претставува директната вклученост на Општинатата во планирањето на Локалниот Економски Развој, во кој игра водечка, координативна и промотивна улога. Посебно голема заслуга има координаторот на подготовката на оваа стратегија Васка Трпковска, советник за Локален Економски Развој во Општина Ѓорче Петров.

Во процесот на изработка на овој стратешки документ кој се подготвуваше преку серија состаноци и работилници во период од 7 месеци, рамноправно беа вклучени и:
јавните институции и организациите под управа на Градот Скопје, дел од министерствата, бизнис заедницата и претставниците од граѓанското општество, претставено преку Невладините организации и ѓраѓаните, преку заеднички напори кои овозможуваат достигнување на заедничката визија за создавање на одржлив економски развој.

Оваа стратегијата за локален економски развој има за цел да обезбеди одржлив развој на локалната заедница, употрбувајќи ги расположливите природни ресурси и човечки потенцијали насочени кон создавање на еколошки прифатлив, економски остварлив, социјално партиципативен и праведен, културно интегриран повисок животен стандард.

Стратегијата за локален економски развој е усвоена од страна на советот на општината на педесеттата седница одржана на 28.03.2012година со Одлука бр.07-775/11 врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од: Законот за Локална Самоуправа и Статутот на Општинатата.

***Оваа стратегија по одлука на Советот на Општината опфаќа цели кои треба да бидат реализирани во текот на период од 7 години.***

# II. Подготовка на стратегијата за Локален Економски Развој

Процесот на планирањето на Локалниот Економски развој на Општина Ѓорче Петров се одвиваше според општите начела за изработка на еден ваков Стратешки документ. Беше формирана тим – Комисија за изработка на стратегијата за Локален Еконосмки Развој.
Постојаната комисија за изработка на стратегијата за Локален Еконосмки развој учествуваше низ целиот процес. Дополнително во зависнот од потребите истата беше проширена со лица кои се стручни по оддделни области, како и со претставници на институции и организации кои имаа интерес и стручност во одделните обалсти.
Комисијата во согласност со начелата за Локален развој е составена од претставници на различни сегменти на заедницата како стопанственици, организации, религиозни, културни, граѓански организации и локалната власт. Во зависност од специфичната тема која се обработуваше, во тимот беа повикувани и стручни лица како и заинетерсирани субјекти од соодветната проблематика.

**Постојана Комисија за планирање на Локалниот Економски Развој**

| Ред. бр | Име и Презиме | Работно место | Организација |
|---|---|---|---|
| 1 | Васка Трпковска | Советник за ЛЕР | Општина Ѓорче Петров |
| 2 | Драгица Тодоровска | Раководител на Сектор за финансии, буџет и администрирање даноци и такси и јавни набавки | Општина Ѓорче Петров |
| 3 | Бошко Стојанов | Раководител на Сектор за нормативно-правни работи, работа со Совет, работи на Градоначалникот | Општина Ѓорче Петров |
| 4 | Жаклина Веланоска | Претседател на комисија за финансирање, Буџет и ЛЕР | Совет на Општина Ѓорче Петров |
| 5 | Мирослав Наумовски | Претседател на Комисија за Статут и Прописи | Совет на Општина Ѓорче Петров |
| 6 | Андреја Стојановски | Претседател на Комисија за урбанизам и заштита на животна средина | Совет на Општина Ѓорче Петров |
| 7 | Кирил Ристовски | Претседател | НВО ФЛОРОЗОН |
| 8 | Лилјана Дрвошанова | Менаџер по екологија | АД АДИНГ |
| 9 | Мире Боцевски | Претседател | м.з. Волково |

Пред одржувањето на стратешкото планирање беше одржана прва информативна сесија за сите членови на комисиите. На истата беа информирани за процесот на изработка на стратегијата како и беа земени во предвид забелешките во врска со начинот на работа и распределбата на сесиите во согласност со потребните одлагања поради летниот период и вонредните избори. На оваа средба присуствуваа следните учесници:

| **Ред. бр** | **Име и Презиме** | **Работно место** | **Организација** |
|---|---|---|---|
| 1. | Милка Спасевска | Референт за човечки ресурси | ЈЗУ –Универзитетска Клиника по хируршки болести - Св.Наум Охридски-Скопје |
| 2. | Јадранка Дамеска | Советник за урбанистичко планирање | Општина Ѓорче Петров |
| 3. | Гордана Ѓорѓиевска | Управител | Фурна Специјал |
| 4. | Жаклина Вељаноска | Социјален работник Спец. во здравство | ЈЗУ.Психијатриска Болница-Скопје |
| 5. | Катерина Талеска | Стручен соработник | ФАРМАХЕМ –Сектор за еколошки консалтинг |
| 6. | Љиљана Дрвошанова | Менаџер за екологија | АДИНГ-АД |
| 7 | Кирил Ристовски | Претседател | НВО Флорозон |
| 8 | Драгица Тодоровска | Раководител на сектор финасирање, буџет и администрирање даноци и такси | Општина Ѓорче Петров |
| 9 | Мирослав Наумовски | Правник | Адвокатска канцеларија |
| 10 | Силвана Јосевска | Член на Совет | Општина Ѓорче Петров |
| 11 | Васка Трпковска | Советник во Одделение за Локален Економски Развој | Општина Ѓорче Петров |
| 12 | Марија Тодоровска | Член на Совет-Претседател на Комисија за родова еднаквост | Општина Ѓорче Петров |
| 13 | Драган Трпески | Член на Совет-Претседател на комисија за меѓународна соработка и соработка со НВО-и, здруженија и фондации | Општина Ѓорче Петров |
| 14 | Бошко Стојанов | Раководител на Сектор за нормативно-правни работи, работа со Совет, Работи на Градоначалникот | Општина Ѓорче Петров |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15 | Снежана Меновска | Раководител на Одделение за работи на градоначалникот и јавни дејности | Општина Ѓорче Петров |
| 16 | Мире Боцевски | Претседател | Месна заедница с. Волково |
| 17 | Митко Стојановски | Претседател | Урбана заедница Даме Груев |
| 18 | Политими Марковска | Член на Совет-Претседател на Комисија за образование, наука, здравствена, социјална заштита и заштита на деца | Општина Ѓорче Петров |
| 19 | Гордана Јанакиевска | Консултант | Туристички Сојуз на Скопје |
| 20 | Андреја Стојановски | Член на Совет-Претседател на Комисија за урбанизам и заштита на животната средина | Општина Ѓорче Петров |

Вклучени членови во комисијата за изработка на стратегијата по области:

1. **Инфраструктура**

| **Ред. бр** | **Име и Презиме** | **Работно место** | **Организација** |
|---|---|---|---|
| 1. | Васка Трпковска | Советник во Одделение за Локален Економски Развој | Општина Ѓорче Петров |
| 2. | Гордана Ѓоргиевска | Управител | Фурна Специјал |
| 3. | Жаклина Вељаноска | Член на Совет-Претседател на комисија за финансирање, Буџет и ЛЕР | Општина Ѓорче Петров |
| 4. | Катерина Талеска | Стручен Соработник | ФАРМАХЕМ- Сектор за еколошки консалтинг |
| 5. | Лилјана Дрвошанова | Дипл.хемиски инжинер | АДИНГ –АД, Скопје |
| 6. | Кирил Ристовски | Претседател | НВО Флоразон |
| 7. | Драгица Тодоровска | Раководител на сектор финасирање, буџет, администрирање даноци и такси | Општина Ѓорче Петров |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | Бошко Стојанов | Раководител на Сектор за нормативно-правни работи, работа со Совет, Работи на Градоначалникот | Општина Ѓорче Петров |
| 9 | Мире Боцевски | Претседател | М.З. Волково |

2. **Локална економија**

| **Ред. бр** | **Име и Презиме** | **Работно место** | **Организација** |
|---|---|---|---|
| 1 | Васка Трпковска | Советник во Одделение за Локален Економски Развој | Општина Ѓорче Петров |
| 2 | Марија Тодоровска | Член на Совет-Претседател на Комисија за родова еднаквост | Општина Ѓорче Петров |
| 3 | М-р Стојан Србиноски | Технички Директор | ЈП Водовод и Канализација-Скопје |
| 4 | Љиљана Дрвошанова | Менаџер за екологија | АДИНГ-АД, Скопје |
| 5 | Драгица Тодоровска | Раководител на сектор финасирање, буџет, администрирање даноци и такси | Општина Ѓорче Петров |
| 6 | Жаклина Вељаноска | Член на Совет-Претседател на комисија за финансирање, Буџет и ЛЕР | Општина Ѓорче Петров |
| 7 | Мирослав Наумоски | Правник | Адвокатска Канцеларија |
| 8 | Димитар Павлески | Член на Советот | Општина Ѓорче Петров |
| 9 | Бошко Стојанов | Раководител на Сектор за нормативно-правни работи, работа со Совет, Работи на Градоначалникот | Општина Ѓорче Петров |

3. **Заштита на животна средина**

| **Ред. бр** | **Име и Презиме** | **Работно место** | **Организација** |
|---|---|---|---|
| 1. | Марија Тодоровска | Член на Совет-Претседател на Комисија за родова еднаквост | Општина Ѓорче Петров |
| 2. | Бошко Стојанов | Раководител на Сектор за нормативно-правни работи, работа со Совет, Работи на Градоначалникот | Општина Ѓорче Петров |
| 3. | Гордана Јанакиевска | Консултант | Туристички сојуз на Град Скопје |
| 4. | Жаклина Веланоска | Социјален работник Спец. во здравство | ЈЗУ.ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА СКОПЈЕ |
| 5. | Цветан Николовски | Стручен соработник | ФАРМАХЕМ-ДОО, Скопје |
| 6. | Љиљана Дрвошанова | Менаџер за екологија | АДИНГ-АД, Скопје |
| 7 | Драгица Тодоровска | Раководител на сектор финасирање, буџет и администрирање даноци и такси | Општина Ѓорче Петров |
| 8 | Мирослав Наумовски | Правник | Адвокатска канцеларија |
| 9 | Силвана Јосевска | Член на Совет | Општина Ѓорче Петров |
| 10 | Васка Трпковска | Советник во Одделение за Локален Економски Развој | Општина Ѓорче Петров |
| 11 | Димитар Павлески | Управител | ЗГ-Малесија, Скопје |

4. **Здравствена заштита**

| **Ред. бр** | **Име и Презиме** | **Работно место** | **Организација** |
|---|---|---|---|
| 1 | Политими Марковска | Член на Совет-Претседател на Комисија за образование, наука, здравствена, социјална заштита и заштита на деца | Општина Ѓорче Петров |
| 2 | Весна Илиева | Правник | НВО ЛИЛ |
| 3 | Ленче Неловска | Директор | ЈЗУ-Геронтолошки Завод-13ти Ноември, Скопје |
| 4 | Марија Тодоровска | Член на Совет-Претседател на Ком.за родова еднаквост | Општина Ѓорче Петров |
| 5 | Љиљана Дрвошанова | Менаџер за екологија | АДИНГ-АД, Скопје |
| 6 | Снежана Милевска | Претседател | ОЖО "ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" |
| 7 | Васка Трпковска | Советник во Одделение за Локален Економски Развој | Општина Ѓорче Петров |
| 8 | Данче Василева | Виш соработник за социјална заштита, заштита на децата и здравство | Општина Ѓорче Петров |
| 9 | Васка Симоноска | Член | ЗГ на жени пензионерки-Ѓорче Петров |
| 10 | Виолета Саид | Директор | ЈОУДГ-Детска Градинка РОСИЦА |
| 11 | Силвана Јосевска | Член на Совет | Општина Ѓорче Петров |
| 12 | Лидија Крстевска Дојчиновска | Дефектолог | ОУ Ѓорче Петров |

5. **Образование и спорт**

| **Ред. бр** | **Име и Презиме** | **Работно место** | **Организација** |
|---|---|---|---|
| 1 | Лука Поповски | Советник за спорт и култура | Општина Ѓорче Петров |
| 2 | Соња Палчевска-Ќосева | Директор | ОУ Мирче Ацев |
| 3 | Политими Марковска | Член на Совет-Претседател на Ком.за образование, наука, здравствена, соц.заштита и заш. на деца | Општина Ѓорче Петров |
| 4 | Виолета Саид | Директор | ЈОУДГ-Детска Градинка РОСИЦА |
| 5 | Марија Тодоровска | Член на Совет-Претседател на Ком.за родова еднаквост | Општина Ѓорче Петров |
| 6 | Лидија Крстевска Дојчиновска | Дефектолог | ОУ Ѓорче Петров |
| 7 | Љиљана Дрвошанова | Менаџер за екологија | АДИНГ-АД, Скопје |
| 8 | Мирослав Наумовски | Член на Совет-Претседател на Комисија за Статут и Прописи | Општина Ѓорче Петров |
| 9 | Жаклина Вељаноска | Член на Совет-Претседател на комисија за финансирање, Буџет и ЛЕР | Општина Ѓорче Петров |
| 10 | Васка Трпковска | Советник во Одделение за Локален Економски Развој | Општина Ѓорче Петров |
| 11 | Гордана Јанакиевска | Претседател | Спелеолошка Федерација на Р.Македонија |
| 12 | Цветан Николовски | Стручен соработник | ФАРМАХЕМ-ДОО, Скопје |

## 6. Култура и културно наследство

| Ред. бр | Име и Презиме | Работно место | Организација |
|---|---|---|---|
| 1 | Лука Поповски | Советник за спорт и култура | Општина Ѓорче Петров |
| 2 | Соња Палчевска-Ќосева | Директор | ОУ  Мирче Ацев |
| 3 | Политими Марковска | Член на Совет-Претседател на Ком.за образование, наука, здравствена, соц.заштита и заш. на деца | Општина Ѓорче Петров |
| 4 | Виолета Саид | Директор | ЈОУДГ-Детска Градинка РОСИЦА |
| 5 | Марија Тодоровска | Член на Совет-Претседател на Ком.за родова еднаквост | Општина Ѓорче Петров |
| 6 | Лидија Крстевска Дојчиновска | Дефектолог | ОУ Ѓорче Петров |
| 7 | Љиљана Дрвошанова | Менаџер за екологија | АДИНГ-АД, Скопје |
| 8 | Мирослав Наумовски | Претседател на Комисија за Статут и Прописи | Совет на Општина Ѓорче Петров |
| 9 | Жаклина  Вељаноска | Член на Совет-Претседател на комисија за финансирање, Буџет и ЛЕР | Општина Ѓорче Петров |
| 10 | Васка Трпковска | Советник во Одделение за Локален Економски Развој | Општина Ѓорче Петров |
| 11 | Гордана Јанакиевска | Претседател | Спелеолошка Федерација на Р.Македонија |
| 12 | Новица Василевски | Член на Совет | Општина Ѓорче Петров |

7. **Социјална заштита**

| **Ред. бр** | **Име и Презиме** | **Работно место** | **Организација** |
|---|---|---|---|
| 1 | Политими Марковска | Член на Совет-Претседател на Комисија за образование, наука, здравствена, социјална заштита и заштита на деца | Општина Ѓорче Петров |
| 2 | Весна Илиева | Правник | НВО ЛИЛ |
| 3 | Ленче Неловска | Директор | ЈЗУ-Геронтолошки Завод-13ти Ноември, Скопје |
| 4 | Марија Тодоровска | Член на Совет-Претседател на Ком.за родова еднаквост | Општина Ѓорче Петров |
| 5 | Љиљана Дрвошанова | Менаџер за екологија | АДИНГ-АД |
| 6 | Снежана Милевска | Претседател | ОЖО "ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" |
| 7 | Васка Трпковска | Советник во Одделение за Локален Економски Развој | Општина Ѓорче Петров |
| 8 | Данче Василева | Виш соработник за социјална заштита, заштита на децата и здравство | Општина Ѓорче Петров |
| 9 | Васка Симоноска | Член | ЗГ на жени пензионерки-Ѓорче Петров |
| 10 | Виолета Саид | Директор | ЈОУДГ-Детска Градинка РОСИЦА |
| 11 | Силвана Јосевска | Член на Совет- | Општина Ѓорче Петров, Здравствен дом,Скопје |
| 12 | Лидија Крстевска Којчиновска | Дефектолог | ОУ Ѓорче Петров |

8. **Локална самоуправа**

| Ред. бр | Име и Презиме | Работно место | Организација |
|---|---|---|---|
| 1 | Целе Ристевски | Зам.рак. на Сек.за урбанизам, комунал.дејн. и заштита на жив. средина | Општина Ѓорче Петров |
| 2 | Анета Лозаноска | Раководител | Центар за Развој на Скопски Плански Регион |
| 3 | Владо Мисајловски | Член на Совет-Претседател на Ком.за мандатни прашања, избор и именувања | Општина Ѓорче Петров |
| 4 | Антонио Брзанов | Сопственик | Винарска Визба ВИНАР |
| 5 | Лиле Дрвошанова | Менаџер за Екологија | АД АДИНГ-Скопје |
| 6 | Цветан Николовски | Стручен Соработник | ФАРМАХЕМ-ДОО, Скопје |

9. **Комисја за Невладини организации и Комисија за информирање и медиуми**

| **Ред. бр** | **Име и Презиме** | **Работно место** | **Организација** |
|---|---|---|---|
| 1 | Васко Марковски | Самовработен ветеринар и консултант<br>Новинар | |
| 2 | Момо Николовски | Одделение за Односи со јавност | Општина Ѓорче Петров |
| 3 | Весна Илиева | Правник | НВО ЛИЛ |
| 4 | Гордана Јанакиевска | Консултант | Туристички Сојуз на Скопје |
| 5 | Васка Трпковска | Советник во Одделение за Локален Економски Развој | Општина Ѓорче Петров |

Воедно беа почитувани следните начела за подготовка на стратегија за ЛЕР:

- Начелото на одржливост**:** преку кое се обезбедува складност помеѓу економскиот развој, заштита на животната средина и социјалната сигурност во заедницата.

- Начелото на постојаност во спроведување на програмите и развојните планови: овозможува секое одделно подрачје (или област) да се набљудува и третира како целосен систем кој ги опфаќа сите производни и потрошувачки потреби, транспортната и комунална инфраструктура и еколошкиот систем.
- Начелото на транспарентност и јавност во работењето претставува начин на кој најшироката јавност на заедницата е вклучена во планирачките процеси како и реализацијата на развојните стратегии, слободата на здружување и размената на искуства - локално, регионално, национално и меѓународно.
- Начелото на синергија (взаемно помагање) и конструктивност се однесува на правовремено информирање на јавноста преку локалниот информативен систем, со што заеднички со граѓаните на заедницата подобро и поефикасно би се решавале сите локални прашања и нивните потреби.
- Начелото на приоритети кое и овозможува на локалната заедница да го определува степенот на приоритети на одредени проекти и активности, со оглед на прифатените цели и реални можности.
- Начелото на забрзан развој – е значајно и вреди за целокупното подрачје или територија на Локалната заедница (Општината или регион). Ретко во која локална заедница, постоечкиот степен на развиеност е во склад со реалните можности. Дури и областите во Општинатата која што денес се сметаат за најразвиени, се далеку од оптимумот, па преку начелото на забрзан и рамномерен развој треба да се поттикнуваат вложувања и да се поттикнува степенот на развиеност на целата територија.
- Начелото на еднакви стандарди на јавните услуги за граѓаните – се користи заради надминување на разликите во социолошка, културна и економска смисла на подрачјето на Општинатата.
- Начелото на економичност и ефикасност – преку кое ќе се тежи кон рационално искористување на ресурсите, првенствено човечките, како и спрема оптимално искористување на развојните предности, т.е. намалување на трошоците по единица на вложување или инвестирање.
- Начело на континуитет на развојната политика – не обврзува на континуирано пратење на севкупните движења во стопанството и воопшто во општеството што значи дека треба долгорочно и непрекинато да се анализираат, развиваат и менуваат развојните инструменти кои се насочени кон носителите на развојот. Затоа велиме дека Стратегијата за одржлив локален економски развој е процес.
- Начелото на дисконтинуитет – тежи према напуштање на старите организациски системи, електронско управување и висок квалитет на услугите за граѓаните, бесплатна дистрибуција на информации и др.
- Начелото на валоризација (вреднување) на природните и културно- историските ресурси – нé обврзува заштитените природни богатства и културно –историското наследство да се приближат кон што поголем број на корисници (жители на заедницата и туристи), под определени услови.

## III. Визија и Мисија и стратешки определби на Општина Ѓорче Петров

### Визија

Општина Ѓорче Петров возможува добри општински услуги и инфраструктура за сите кои живеат и работат на нејзината територија како и во рамките на Градот Скопје.

### Мисија

Општината нуди услуги преку својот компететен кадар и развиените системи за работа. Сето ова го прави со цел да го подобри животот на своите граѓани со цел да ги одржи своите вредности и карактеристики на една од најдобрите општини во Македонија.

### Стратешки Определби

1. Подобрување на цврстата инфраструктура во Општинатата
2. Унапредување на процесот на креирање на локални политики и активности за подобрување на меката инфраструктура
3. Унапредување на политиките за соработка со институциите и другите актери на национално и меѓународно ниво значајни за локалниот економски развој во Општинатата
4. Проценка и анализа на Општинатата

Во процесот на изработка на Стратегијата беа избрани пошироки теми кои беа елаборирани во текот на процената и анализата на Општинатата. Темите беа дополнително избрани по приоритет од страна на комисијата за изработка на ЛЕР.

Темите за работа според нивниот приоритет се:

- Инфраструктура
- Локална економија
- Заштита на животна средина
- Образование и спорт
- Социјална заштита
- Здравствена заштита
- Култура и културно наследство
- Невладини организации информирање и медиуми
- Локална самоуправа

# IV. Основни карактеристики [1]

## Географска местоположба и карактеристики

Општина Ѓорче Петров се наоѓа на севрозападната страна на Скопската Котлина, помеѓу Реките: Вардар, Лепенец и Треска. Општината има градски и рурален дел и во неа влегуваат населените места: Грачани, Кучково, Никиштани, Орман, Волково и Ново Село. Границата на Општина Ѓорче Петров започнува од крстосницата на автопатот Скопје-Тетово (пред мостот на реката Вардар) и се движи низводно по реката Вардар до мостот на проектираната улица Циборовски (“1249”), свртува по улицата Циборовски до крстосницата со улицата “Ѓорче Петров’’, свртува на исток по улица Пролетерска (“1462”) до крстосницата со проектираната улица “Ацо Шопов’’и по неа излегува на реката Лепенец , свртува спротиводно по течението на реката Лепенец и продолжува по надворешните граници на катастарските општини КО Орман, КО Кучково, КО Никиштане, КО Грачани, КО Оризари до крстосницата на автопатот Скопје-Тетово (пред мостот на реката Вардар). Општина Ѓорче Петров е погранична, нејзината северна граница се простира долж границата со Р.Косово.




[1] Монографија Општина Ѓорче Петров

Ѓорче Петров воедно е градска Општината  во состав на Град Скопје и нејзината територија се граничи со општините: Карпош, Чучер Сандево, Сарај. Покрај градскиот, општината има и приградски - рурален дел  во кој има  шест населени места: Ново Село, Волково, Никиштане, Орман, Кучково и Грачани.

Вкупната површина на  Општината е 67 $км^2$, на надморска височина о д минимум 255м и максимум 838м. Урбаниот и поголемиот дел од рурарлниот дел на Општина Ѓорче Петров главно се наоѓа на надморска висина од 255м, но има и повисоки места со надморска височина од 680м.

**Населени Места**

Целокупната територија на Општина Ѓорче Петров денес е сочинета од градско јадро и приградски населби. Градското јадро го сочинуваат пет урбани заедници (УЗ): УЗ Хром, УЗ Ѓорче Петров, УЗ ДамеГруев и УЗ Мирче Ацев. Приградскиот дел на Општина Ѓорче Петров го сочинуваат седум месни заедници(МЗ) и тоа: МЗ Кучково, МЗ Никиштани, МЗ Орман, МЗ Волково , МЗ Волково Пржина, МЗ Ново Село и МЗ Кисела Јабука.



Во приградските населби на Општина Ѓорче Петров, уште во најстари времиња живееле луѓе кои според конфигурацијата на теренот и положбата во однос на градот Скопје се делеле на шест кола (реона): Скопска Црна Гора (Карадаг); Горно Блато; Долно Блато-Чаирлија; Враниште (Каргал`к), Каршијак и Дервен.

Во реонот наречен Дервен спаѓале селата: Бардовци Глумово, Кондово, Оризаре на Вардар, Сарај, Ново Село на Лепенец, Орман, Рашче, Кучково, Семениште, Гумал`к, Матка, Горно Свиларе, Долно Свиларе, Чајлане, Орланци, Брушница, Копаници, Бојане, Грачани, Горане, Крвоник, Рожанце, Селиста, Никиштани, Волково, Визбегово, Горно Кондово, Долно Кондово, Арнаутќој( Арнакија) и Шуто Оризаре.

## Природни ресурси



***Клима***

За Ѓорче Петров е карактеристична скопската клима со високи летни и многу ниски зимски температури, што пак во регионална смисла е карактеристика на континеталната клима. Бидејќи градот Скопје се наоѓа во котлина, по течението на реката Вардар, за зимскиот период се карактеристични долгите периоди со магла, но за разлика од Скопје, поради движењето на ветровите помеѓу реките Вардар и Лепенец во Ѓорче Петров маглите не се многу густи и тие пократко се задржуваат. Струењето на воздухот со поголем интенизитет во правец исток – запад придонесува да се појави ”Ружа на ветерот’’ кој придонесува концентрацијата на магла и смог да биде помала.

***Геолошки карактеристики***

Од регионален геолошки аспект Општина Ѓорче Петров се наоѓа во Вардарската геотектонска зона, односно во Скопскиот басен. Вардарската зона се манифестира со современи тектонски активности, особено во рамките на Скопската Котлина која била формирана во периодот на младите терцијални движења и е опкружена со планините: Скопска Црна Гора , Китка , Водно и Жеден.

Ликот на современиот релјеф бил последица на геогзогените фактори кои оставиле длабоки траги при моделирањето на еродебилните карпи од основните карпести маси и неогените таложења на разновидните квартерни творби.

Од вкупното земјоделско земјиште најголем процент припаѓа на пасиштата (48,48%) и нивите (45,36%), односно вкупно 93,84%. Земјоделското земјиште во Општинатата изнесува 4.583ха, од кои 2.477ха се во приватна сопственост, а 2.106ха во општествена сопственост. Во нивите се одгледуваат житни култури, фуражни култури и индустриски култури. Бројот на различни видови овошки застапени во овоштарниците е 29.998 садници.



***Води***

Водните ресурси на ниво на Општина се 5.898.528 $м^3$/ден, и истите се во рамките на Вардарскиот слив, односно реките Вардар и Лепенец.

**Лепенец** е македонска река, притока на реката Вардар. Извира од планината Жар, во Косово, на височина од 1.860m, а се влева кај населбата Злокуќани во Скопје, на височина од 253 m. Од изворот до Качаничката Клисура тече во правец запад-исток, а потоа свртува во правец југ-југоисток. Долга е 75km, има вкупен пад од 1.603m и просечен пад од 21,4‰. На територијата на Македонија влегува кај селото Блаце и има должина од 21km. Сливот зафаќа површина од $770km^2$, од која на Македонија и припаѓаат $167,76km^2$. Средногодиш ниот протек пред вливот во реката Вардар изнесува 10,0 $m^3$/сек.

Најголеми корисници на вода се земјоделството, индустријата, домаќинствата и др.

Водата за наводнување е неквалитетна вода (IV класа - р.Вардар и р.Лепенец). Површинските води кои се користат за наводнување на земјоделските површини се загадени многу често од индустриските капацитети. Во регионите каде интензивно се употребуваат вештачки ѓубрива и хемикалии за заштита на растенијата се забележува загадување на почвата и на подземните води, но не постои систематски мониторинг и не се вршат анализи.

***Биодиверзитет***

Не постојат прецизни податоци за бројност на животински и растителни видови на територијата на Општината Ѓ. Петров. Според големината на територијата и разновидноста на хабитатите, проценка е дека има околу 200 рбетници и околу 1.000 видови растенија. Врз основа на податоците презентирани за град Скопје може да се направи груба проценка, но евидентна е потребата од идентификување на видовите и екосистемита на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

Локални ендемити на територијата на Општината не се регистрирани ниту кај животинскиот ниту кај растителниот свет.

Постојат субендемични видови кој се наведуват во литературата: Tulipa scardica bornm. од растенијата и Zabrus incrassatus bischoffi и Zabrus balcanicus rhodolensis од животните.

Ендемичен правокрилец вклучен во ССБРРМ присутен на територијата на општината е Ameles heldeichi, кој го има по брдските пасишта и отворени места.

Значајни видови од аспект на заштита на биодиверзитетот се: Carabus intricatus (Corine, IUCN-LR/nt), Calosoma sycophanta (Corine), Apatura ilia (Corine), Iphiclides podalirius (Corine), Zerynthia polyxena – Habitat Directive-annex IV.

Со изградбата на сообраќајната инфраструктура, особено големите мостови и вијадукти на Вардар и Лепенец, значително е загрозена крајречната вегетација на врби и тополи (Salix alba, S.fragilis и Populus alba).

Податоците за видовите и количината на уловен дивеч за последните 6 години се земени од изработената ловностопанска основа за ловиштето Кучково (податоци за 2004 година: 128 диви зајаци, 67 еребици камешарки, 225 полски еребици). Покрај наведениот дивеч, повремено се лови и волк и лисици, но бројот е незначителен.

Што се однесува до риболовот, најчесто се ловат скобуст, мрена, клен и кркушка. Риболовното друштво не располага со податоци за количината на уловена риба на годишно ниво, но по проценка на најискусните рибари таа изнесува околу 1000 кг / годишно за двете реки заедно.

***Заштитени подрачја***

Заштитени подрачја на територијата на општината нема, единствено заштитната зона на бунарското подрачје Нерези – Лепенец која воедно е и Прва заштитна зона на артерските бунари Нерези-Лепенец од каде во летните и сушни периоди ЈП Водовод и Канализација црпи питка вода и го одржува оптималното количество вода за пиење на ниво на Град Скопје. Заради тоа оваа област би требало да се почитува и да се внимава со поставувањето на индустриски капацитети.

## Население

Според пописот од 2002 година во Општина Ѓорче Петров живеат 41.634 жители, во 11.845 домаќинства и 13.896 станови. Природното движење на населението се презентира преку показатели на наталитетот, морталитетот, природниот прираст и виталниот индекс. Просечно природниот прираст на подрачјето изнесува 4,1 промил.

Градскиот градежен реон брои 30.827 жители, додека населените места во руралниот дел опфаќаат 10.663 жители. Податоците добиени од пописот 2002 година покажуваат стапка на работоспособно население (15-64 години) од 46%, меѓутоа стапката на невработеност на целна група на возраст од 15-24 години е многу поголема и изнесува 67%.

Просечен број на членови на семејство е 3,9. Нето станбена густина спрема последниот ГУП е 103 жители/хектар за 1994 год., а планирана 104 жители/хектар до 2020 година. Коефициентот на искористеност во 1994 год. изнесува 0,22, а до 2020 год. се планира да биде К=0,23.

***Население според национална структура[2]***

| Националност | Број на жители | Процент (%) |
|---|---|---|
| Македонци | 35.455 | 85,15 |
| Срби | 1.730 | 4,16 |
| Албанци | 1.597 | 3.84 |
| Роми | 1.249 | 3 |
| Бошњаци | 489 | 1,17 |
| Турци | 368 | 0,88 |
| Власи | 109 | 0,26 |
| Останати | 637 | 1,53 |

***Население според полова структура[3]***

| пол | Број на жители | Процент (%) |
|---|---|---|
| Мажи | 20.677 | 49,66 |
| Жени | 20.957 | 50,34 |
| Вкупно | 41.634 | 100 |

| пол | Број на жители |
|---|---|
| Вкупно | 41 674 |
| Мажи | 20 486 |
| Жени | 21 188 |

Процена на население по возрасни групи во Општина Ѓорче Петров[4]

[2] Извор: Попис 2002

[3] Извор: Попис 2002

[4] Извор: Државен завод за статистика: Население во Република Македонија на 30.06.2009, по специфични возрасни групи, пол и по општини

# V. Инфраструктура

**Генерални карактеристики**

Инфраструктурата се карактеризира со патна мрежа до сите населени места. Пристапот до Општината е добар бидејќи истиот е обезбеден со патен, железнички и воздушен сообраќај. Територијата на општината е покриена во најголем дел со асфалтирана патна мрежа при што пристапот до сите населени места е обезбеден со соодветни патишта, кои редовно се одржуваат во зимскиот период.




Општина Ѓорче Петров може да се пофали со асфалтирана патна мрежа од околу 80% од територијата на општината од која поголемиот дел од руралната патна мрежа е неизградена. Неасфалтирана патна мрежа има претежно во руралните делови и изнесува околу 20% од вкупната патна мрежа. Лоша е состојабата со поврзувањето на двата дела во урбаниот дел од општината кај надвозникот.
Општината има целосна покриеност со електро-енергетска мрежа, меѓутоа се соочува со слаб електричен напон на постоечката мрежа. Во Општината нема инсталирана топловодна мрежа во речиси 95% од целокупната територија.

**Пристапност на Општината**

*Патна Мрежа*



Општината е пристапна преку автопатот Е-65 Скопје - Тетово, како и преку главните улици во Градот Скопје. Ѓорче Петров е транзитна општина низ која се одвива целокупниот сообраќај помеѓу западна и југозападна Македонија и Скопје, како и граничните премини Табановце со Република Србија и Блаце со Косово. На патиштата низ општината транзитира и дел од сообраќајот помеѓу Република Албанија од преминот Ќафасан и преминот Гиновци со Република Бугарија.

Патната мрежа во рамките на општината се карактеризира со асфалтирани и дел земјени патишта кои водат до населените места. Голем дел од овие патишта се наоѓаат во лоша состојба. И покрај настојувањата сеуште не постојат асфалтирани патишта до одреден број населени места.

| **Година 2009** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно во км** | **асфалт и коцка** | **макадам** | **земјани** | **непросечени** |
| 88 | 24 | 5 | 27 | 32 |

Состојба со патиштата во Општина Ѓорче Петров од 2009 година[5]

Во рамките на населбите во урбаниот дел на општината, главните улици се асфалтирани, меѓутоа уличната мрежа целосно не е асфалтирана и улиците исто како и патиштата се наоѓаат во многу лоша состојба.

*Железнички сообраќај*

До микрорегионот се пристапува преку железничката пруга Скопје – Кичево и Скопје – Косово. Ова придонесува за поголема пристапност на општината и со железнички сообраќај како еден од поголемите фактори за успешен еконосмки развој.

*Воздушен сообраќај*

Аеродромот Александар Македонски во Петровец е лесно пристапен до целата територија на Општина Ѓорче Петров преку новоизградената обиколница за автопатот Е-65.

*Урбанистичка документација*

Сите населени места во општината се обезбедени со урбанистичка документација што овозможува легализација на постоечките дивоградби и изградба на нови објекти со цела пропратна документација.

*Водовод, канализација, одведување на водите*

Сите населени места во рамките на општината се обезбедени со чиста вода за пиење. Но структурата на посотоечката водоводна мрежа не ги задоволува потребите, како на жителите, така и на субјектите кои стопанисуваат во рамките на општината. Во овој момент изграденни се околу 70% од водоводната мрежа на територија на Општина Ѓорче Петров, а за доизградба преостануваат уште 30%.

[5] Извор: Завод за статистика Локална Патна мрежа по општини

Голем проблем престатвува немањето канализациона мрежа во населените места во руралниот дел. Фекалната мрежа изведена е на 60%, а останувaат да се доизградат останатите 40%. Непостоење на атмосверска канализација е со 90%. Во фаза на изградба е пречистителна станица во КО Ѓорче Петров 5-Лепенец.

## Анализа, стратешки цели и приоритети

Анализата во областа на инфраструктурата беше спроведена на начин при што најпрво беше извршена свот анализа при што низ отворена дискусија беа согледани сите важни прашања кои се однесуваат на инфраструктурата и поврзаноста со Локланиот Економски развој. Свот анализата на инфраструктурата во Општина Ѓорче Петров е следната:

| Јаки Страни | Слаби страни |
| --- | --- |
| 1. Постоечки Урбанистички Планови за територијата на општината<br>2. Искусен кадар во урбанистичкото планирање<br>3. Постоење на добра локална патна мрежа на територијата на Општината и поврзаност со автопатот<br>4. Постоење на железничка мрежа со колосек за Кичево и Косово на територијата на општината<br>5. Покриеност на целата територија со телекомуникациска мрежа<br>6. Покриеност на целата територија со радио-дифузна мрежа<br>7. Покриеност на целата територија со електрична енергија<br>8. Покриеност со улично осветлување на речиси 90% од територијата на општината<br>9. Кредитоспособна Општина која може да аплицира за заеми за подобрување на инфраструктурата<br>10. Изработена техничка документација за подобрување на Енергетската Ефикасност на основните училишта и градинките<br>11. Постоење на колекторски систем за отпадни води од руралните делови на општината | 1. Застарени и неспроведливи урбанистички планови за следните зони:<br>- Западна Индустриска Зона<br>- Дексион<br>- Ул. Лука Геров (пред Ново Село)<br>2. Непроширен урбанистички план за с.Волково со посебен акцент на објектите кои се легализираат.<br>4. Заземање на земјоделско земјиште со дивоградби и претварање во урбанистичко со процесот на легализација.<br>5. Не до-регулирано речно корито на р. Лепенец и р. Вардар<br>6. Кејот на реката Вардар не е до-уреден на територијата на Општина Ѓорче Петров со рекреативни патеки<br>7. Слаб притисок на водата во руралните области и урбаниот дел во летни периоди<br>8. Дотраена водоводна мрежа во населбата Даме Груев без кружен ток, поради што квалитетот на водата не е задоволителен.<br>9. Проблем со атмосферските отпадни води по улиците во |

| | |
|---|---|
| 12. 80%  асфалтирана патна мрежа во урбаниот дел на општината<br>13. Сите села имаат пристапни асфалтирани патишта<br>14. Урбаниот дел од општината е целосно покриен со водоводна мрежа<br>15. Постоење на функционални водоводи во селата Орман,Волково,Ново Село, Кисела Јабука и Стопански  Двор<br>16. Постоење на резервоар и нова каптажа во с. Никиштани<br>17. Покриеност  на општината со сообраќајна  и комунална инфраструктура<br>18. Покриеност со фекална канализација на 95% од територијата во урбаниот дел на општината.<br>19. Изградба на пречистителна станица за руралните области<br>20. Постоење на канализациона мрежа за одведување на фекални отпадни води 30км во Волково со што е покриена 50% од населбата<br>21. Целосна покриеност со систем за одведување на фекални води во Кисела Јабука.<br>22. Обезбедени 189.900 евра  од ЕИБ-преку МТВ на РМ за доизградба на водоводната мрежа на територијата на општината.<br>23. Готова физибилити студија за Јавно приватно партнерство за изградба на општинската зграда<br>24. Спроведен проект за обезбедување на Енергетска Ефикасност во  сите основни училишта  на територијата на општината<br>25. Искуство во склучување на договори за Јавно -Приватни Партнерства<br>26. Општината ги одржува патиштата во зимскиот период со сопствено возило и во соработка со ЈП Улици и | општината<br>10. Нема пешачки и велосипедски патеки по улиците низ општината<br>11. Лошо поврзување со индустриската зона во делот на надвозник кај нас.Даме Груев (тесно грло во сообраќајот)<br>12. Недоволен број на надземни железнички  премини за подобро поврзување<br>13. Пропаднатa патна инфраструктура во руралните подрачја<br>14. Не целосна канализациона мрежа во руралните подрачја: Стопански Двор, Кучково, Никиштани<br>15. Нецелосна поврзаност на Општината со системот на централно греење во Град Скопје<br>16.  Неасфалтирани пристапни улички во урбаниот дел.<br>17. Сите улици во руралниот дел на општината не се асфалтирани.<br>18. Лоша состојба на неасфалтираните улици во руралните подрачја<br>19. Непостоење на соодветна инфраструктура во с.Кучково<br>20. Лоша енергетска ефикасност  во јавните објекти<br>21. Нема стратегија за енергетска ефикасност на општината<br>22. Нема  одделение за енергетска ефикасност<br>23. Општината нема доволно финансиски средства за решавање на сите инфраструктурни проблеми во општината во краток период<br>24. Недоволен број на кадар во секторот за урбанизам<br>25. с. Волково има приклучоци во водоводната мрежа со пластични црева<br>26. с.Никиштани  има стар локален водовод кој е во многу лоша |

| | |
|---|---|
| Патишта. | состојба. Направен е резервоар за вода и пумпна станица за црпење вода од изворот Рашче.<br>27. Во с. Кучково мрежата е стара, иако има нова каптажа нема притисок на водата, и има голем број на индивидуални бунари.<br>28. Стопански двор е поврзан со ПВЦ м-жа но нема вода од градската водоводна мрежа<br>29. Лош пат до гробиштата во Ѓорче Петров<br>30. Мало количество на дрвна маса на просторот на општината-урбаните делови и воопшто на цела територија. |
| **Можности** | **Закани** |
| 1. Поврзување на улица Илинденска со обиколницата<br>2. Пристап до инструментите за предпристапна помош IPA<br>3. Пристап до инструментот за предпристапна помош за рурален развој IPARD<br>4. Нови децентрализирани надлежности<br>5. Добра соработка со Град Скопје и Општина Карпош<br>6. Преминување на државното градежно земјиште во надлежност на општината<br>7. Добра соработка со локалната власт<br>8. Можност за искористување на други Европски фондови<br>9. Добра соработка со ЈП Водовод и канализација<br>10. Добра соработка со меѓународни институции<br>11. Можност за искористување на Обновливи извори на енергија (ОИЕ)<br>12. Јавно приватни партнерства<br>13. Гасификација на општината со | 1. Проблем со напојувањето во електричната мрежа - EVN<br>2. Легализација на дивоградби<br>3. Голем број нерешени имотно-правни односи на граѓаните<br>4. Генералниот Урбанистички План не е усогласен со реалната состојба и потреби во општината<br>5. Поделени надлежности меѓу градот Скопје и општината во делот инфраструктура.<br>6. Градска водоводна мрежа и намален притисок<br>7. Квалитетот на водоводна мрежа е низок<br>8. Железничката мрежа и железничките станици се во лоша состојба<br>9. Ниска свест на луѓето во искористувањето на водата, и електричната енергија.<br>10. Укинување на Подрачните Единици на Министерството за Правда<br>11. Неповрзаност на мрежата на градскиот систем за топлификација |

| | |
|---|---|
| Град Скопје<br>14. Донесен и усвоен Закон за Енергетска Ефикасност | 12. Опасност од преголеми и пребрзи градежни активности кои можат да предизвикаат нарушување на животната средина и ослабување на квалитетот на живот |

Согласно со извршената анализа на јаките, слабите страни можностите и зканите, тимот за изработка на стратегијата ги дефинира следните **Стратешки цели:**

1. Подобрување на инфраструктурата во индустриска зона во соработка со владата
2. Искористување на постојната проектна документација за континуирано аплицирање со проекти
3. Склучување на договори за Јавно Приватни Партнерства за решавање на инфраструктурите проблеми
4. Склучување на Јавно Приватно Партнерство за јавно осветлување на улиците и патиштата.
5. Аплицирање за кредити за искористување на обновливите извори на енергија во ЕБРД
6. Измена и дополнување на ДУП за поставување на нова индустриска зона на локациите наспроти постојната индустриска зона.
7. Донесување на општински акт со кој инвеститорите покрај купувањето ќе се обврзуваат да учествуваат во уредувањето на индустриските зони, за што ќе им бидат понудени ослободување од некои обврски кон Општината.
8. Спроведување на кампањи за подигање на јавната свест за енергетска ефикасност-користење и проблеми со напојувањето со електрична енергија
9. Организирање на промотивни кампањи за штедење на електрична енергија со штедливи светилки
10. Воведување на општински олеснувања за оние кои воведуваат и користат ОИЕ
11. Промени во ДУП за цела Општината со цел овозможување на процесот на легализација на дивоградбите.
12. Проширување на градежната зона во општината Ѓорче Петров, притоа
13. Да се одржува добрата соработка и комуникацијата во однос на промените на ГУП според потребите на општината со градот Скопје.
14. Подготовка на ДУП за нова пумпна станица за подобрување на водоснабдување во соработка со ЈП Водовод и канализација .
15. Спроведување на континуирани кампањи за користење на водата во општината.
16. Подготовка на физибилити студија за гасификацијата на општината.
17. Обновување на Урбанистичките планови и Урбанистичка документација за сите населени места.
18. Континуирана реализација на постојните и новодонесените УП и УДК.

19. Подготовка на проекти за регулирање на речните корита на реките Вардар и Лепенец по течението на територијата на општината.
20. Подготовка на проекти за изградба на соодветна инфраструктура покрај речните корита- вклучувајќи пешачки, велосипедски патеки, осветлување и др.
21. Изградба на атмосферска канализација по улиците и патиштата на целата територија на општината.
22. Подготовка на предлог за реализацијата на ГУП за Бул.Илинденска со цел надминување на проблемот со надвозникот кај Даме Груев.
23. Реконструкција и изградба на улици во урбаниот дел на општината:
    - Изработка на проект за реконструкција на ул. Панајот Гиновски(L=380м′/ширина=9,0м)
    - Изработка на проект за реконструкција Социјалистичка Зора(L=900м′/ширина=10м)
    - Изработка на проект за изградба на дел од ул.социјалистичка Зора(L=470м′/ широчина =10м)
    - Изработка на проект за реконструкција на ул.Мице Козар(L=420м′/ широчина =6м)
    - Изработка на проект за реконструкција на ул.Ангел Винички(L=260м′/ широчина =6м)
    - Изработка на проект за реконструкција на ул.Јосиф Даскалов(L=260м′/ широчина =6м)
    - Изработка на проект за реконструкција на дел од ул.Виа Игнатиа(L=240м′/ широчина =10м)
    - Изработка на проект за изградба на дел од ул.Виа Игнатиа(L=230м′/ширина=10м)
    - Изработка на проект за реконструкција на ул.Кичевска(L=700м′/ широчина=10м)
    - Изработка на проект за реконструкција на ул.Ибе Паликуќа (L=340м′/ширина=6м)
    - Изработка на проект за реконструкција на ул.Моцартова(L=800м′/ широчина =6м)
    - Изработка на проект за реконструкција на ул.Борис Бојаџиски(L=650м′/ широчина =6м)
    - Изработка на проект за изградба на дел од ул.Пекљане(L=220м′/ широчина =8м)
    - Изработка на проект за изградба на колско-пешачки патеки на ул.Пекљане бр.1, 3, 5, 5′ и 7( L=1700м′/ширина= од 2,5-3,0м)
    - Изработка на проект за изградба на дел од ул. Австралиска(L=330м′/ широчина =8,5м)

- Изработка на проект за изградба на дел од ул. Антон ‘ехов(L=320м′/ широчина а=8,5м)
- Изработка на проект за изградба на крак од ул. Антон Кецкаров(L=180м′/ широчина =8,5м)
- Изработка на проект за изградба на Новопроектирана Ул."1″(од ул .Лука Геров до Новопроектирана Ул.″2″) со L=280м′/ широчина =8,5м
- Изработка на проект за изградба на Новопроектирана Ул."2″ (покрај пругата, почнувајќи од ул.Тиранска) со L=720м′/широчина=8,5м

24. Доизградба на патната мрежа (улици и патишта) во сите села:
    - Реконструкција на локален пат за с.Волковоод сред село до ОУ Јоаким Крчовски во с.Волково-Делница 2 со L=2.985,86м′
    - Реконструкција на локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај с.Стопански Двор до границата на Општина Ѓорче Петров со Општината Сарај со L=2.503,66м′
    - Реконструкција на локален пат за с.Орман од клучка со Бул.Илинденска во с.Волково до локален пат во с.Орман со L=1.511,97м′
25. Доизградба на фекалната канализација во руралните подрачја.
26. Изградба на велосипедски патеки,тротоари и паркинзи на сите улици во Општината
27. Изработка на стратегија за Енергетска ефикасност во општината
28. Проширување на одделението за урбанизам.
29. Зајакнување на одделението за урбанизам со вработување на нови кадри.
30. Оформување на одделение за Енергетска Ефикасност.
31. Доизградба на водовод во село Никиштани
32. Изнаоѓање решение за водоснабдување село Кучково и Никиштани во соработка со населението.
33. Склучување соработка со Град Скопје и општината за користење на IPA ондовите.
34. Продлабочување и продолжување на соработката со меѓународни организации
35. Уредување на ГУП и ДУП во корист на развојот на економските потенцијали во општината
36. Подобрување на инфраструктурата за заштита и унапредување на животната средина (животната средина како економска категорија).

Врз основа на стратешките цели се дефинирани следните **Стратешки Приоритети:**

| Ред.бр | СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ИНФРАСТРУКТУРА | приоритет број |
|---|---|---|
| 1. | Воспоставување на добар систем за управување со постојните и потенцијалите за нови индустриски зони. | 11 |
| 2. | Продлабочување на соработката со град Скопје за измени и реализација на ГУП | 10 |
| 3. | Искористување на можности за ЈПП за решавање на инфраструктурните проблеми | 3 |
| 4. | Воспоставување и реализација на проекти за уредување/регулирање на речни корита | 9 |
| 5. | Изработка на стратегија за Енергетска Ефикасност во општината | 5 |
| 6. | Подготовка на стратегија за користење на обновливи извори на енергија во општината | 2 |
| 7 | Подобрување на постојната и до изградба на нова патна мрежа | 1 |
| 8 | Подобрување и до изградба на водоснабдувањето | 6 |
| 9 | Доизградба на системот за канализацијата (фекална и атмосферска) во општината | 7 |
| 10. | Подготовка на физибилити студија за гасификација на општината | 4 |
| 11. | Искористување на постојната проектна документација за аплицирање во предпристапните фондови и други тендери | 8 |

Конечната листа на стратешки приоритети и стратешки цели за областа инфраструктура е следната:

1. **Подобрување на постојната и до изградба на нова патна мрежа**

- Реконструкција и асфалтирање на неасфалтираните и оштетени локални улици во урбаниот дел:
    - Изработка на проект за реконструкција на ул. Панајот Гиновски(L=380м′/ширина=9,0м)

- Изработка на проект за реконструкција Социјалистичка Зора(L=900м′/ширина=10м)
- Изработка на проект за изградба на дел од ул.Социјалистичка Зора(L=470м′/ широчина =10м)
- Изработка на проект за реконструкција на ул.Мице Козар(L=420м′/ широчина =6м)
- Изработка на проект за реконструкција на ул.Ангел Винички(L=260м′/ широчина =6м)
- Изработка на проект за реконструкција на ул.Јосиф Даскалов(L=260м′/ широчина =6м)
- Изработка на проект за реконструкција на дел од ул.Виа Игнатиа(L=240м′/ широчина =10м)
- Изработка на проект за изградба на дел од ул.Виа Игнатиа(L=230м′/ширина=10м)
- Изработка на проект за реконструкција на ул.Кичевска(L=700м′/ широчина=10м)
- Изработка на проект за реконструкција на ул.Ибе Паликуќа (L=340м′/ширина=6м)
- Изработка на проект за реконструкција на ул.Моцартова(L=800м′/ широчина =6м)
- Изработка на проект за реконструкција на ул.Борис Бојаџиски(L=650м′/ широчина =6м)
- Изработка на проект за изградба на дел од ул.Пекљане(L=220м′/ широчина =8м)
- Изработка на проект за изградба на колско-пешачки патеки на ул.Пекљане бр.1, 3, 5, 5′ и 7( L=1700м′/ширина= од 2,5-3,0м)
- Изработка на проект за изградба на дел од ул. Австралиска(L=330м′/ широчина =8,5м)
- Изработка на проект за изградба на дел од ул. Антон ‘ехов(L=320м′/ широчина а=8,5м)
- Изработка на проект за изградба на крак од ул. Антон Кецкаров(L=180м′/ широчина =8,5м)
- Изработка на проект за изградба на Новопроектирана Ул.″1″(од улЛука Геров до Новопроектирана Ул.″2″) со L=280м′/ широчина =8,5м
- Изработка на проект за изградба на Новопроектирана Ул.″2″ (покрај пругата , почнувајќи од ул.Тиранска) со L=720м′/широчина=8,5м

- Доизградба на патната мрежа улици и патишта во руралниот дел и тоа:
  - Реконструкција на локален пат за с.Волковоод сред село до ОУ Јоаким Крчовски во с.Волково-Делница 2 со L=2.985,86м′

- Реконструкција на локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај с.Стопански Двор до границата на Општина Ѓорче Петров со Општината Сарај со L=2.503,66м′
- Реконструкција на локален пат за с.Орман од клучка со Бул.Илинденска во с.Волково до локален пат во с.Орман со L=1.511,97м′

**2. Подготовка на стратегија за користење на обновливи извори на енергија во општината**

- Воведување на општински олеснувања за оние кои воведуваат и користат ОИЕ
- Аплицирање за кредити за искористување на обновливите извори на енергија во ЕБРД
- Изготвување

**3. Искористување на можности за ЈПП за решавање на инфраструктурни проблеми**

- Промоција на ЈПП и создавање услови за негово функционирање
- Склучување договори за ЈПП во насока на заштита и унапредување на животната средина и подигање на квалитетот и условите за живот во општината
- Склучување на Јавно Приватно Партнерство за јавно осветлување на улиците и патиштата.
- Склучување на договори за Јавно Приватни Партнерства за решавање на инфраструктурите проблеми

**4. Подготовка на физибилити студија за гасификација на општината**

**5. Изработка на стратегија за ЕЕ во општината**

- Оформување на одделение за Енергетска Ефикасност
- Изработка на стратегија за Енергетска ефикасност во општината
- Спроведување на кампањи за подигање на јавната свест за енергетска ефикасност-користење и проблеми со напојувањето со електрична енергија
- Организирање на промотивни кампањи за штедење на електрична енергија, замена со штедливи светилки, замена на старите прозори со нови енергетски ефикасни, подобрување на енергетската изолација на станбените и деловни објекти.
- Обезбедување на општински стимулативни мерки за намалување на потрошувачката на енергијаи зголемување на енергетската ефикаснот во станбените, деловните и индустриските објекти.
- Стимулација на бизниси кои работат на полето на енергетската ефикасност.

**6. Подобрување и доизградба на водоснабдувањето**

- Спроведување на континуирани кампањи за користење на водата во општината.

- Доизградба на водовод во село Никиштани
- Изнаоѓање решение за водоснабдување село Кучково и Никиштани во соработка со населението
- Изработка на студија за заштита на водните ресурси на територијата на општината
- Изготвување на студија за создавање на водни резерви (за пиење и за наводнување) на територијата на општината, во соработка со надлежни државни, научни и образовни институции.

7. **Доизградба на системот за канализацијата (фекална и атмосферска) во Општината**

- Изградба на атмосферска канализација по улиците и патиштата на целата територија на општината.
- Доизградба на фекалната канализација во руралните подрачја.

8. **Искористување на постојната проектна документација за аплицирање во предпристапните фондови и други тендери**

- Склучување соработка со Град Скопје и други општини за користење на IPA фондовите за подобрување на инфраструктурата во општината
- Искористување на постоечката проектна документација за континуирано аплицирање со проекти
- Продлабочување и продолжување на соработката со меѓународни организации и прекугранични општини

9. **Воспоставување и реализација на проекти за уредување/регулирање на речни корита**

- Подготовка на проекти за регулирање на речните корита на реките Вардар и Лепенец по течението на територијата на општината.
- Подготовка на проекти за изградба на соодветна инфраструктура покрај речните корита- вклучувајќи пешачки, велосипедски патеки, осветлување и др.

10. **Продлабочување на соработката со град Скопје за измени и реализација на ГУП и ДУП**

- Уредување на ГУП и ДУП во корист на развојот на економските потенцијали во општината
- Подготовка на предлог за реализацијата на ГУП за Илинденска со цел надминување на проблемот со надвозникот кај Даме Груев.
- Подготовка на ДУП за нова пумпна станица за подобрување на водоснабдување во соработка со ЈП и Водовод и канализација.

- Проширување на градежната зона во Општина Ѓорче Петров, притоа водејќи сметка за заштита на еколошките вредности.
- Подобрување на инфраструктурата во индустриска зона во соработка со владата

# VI. Локална Економија

## Генерални карактеристики

Локалната економија во Општина Ѓорче Петров се карактеризира со присуство на различни видови на претприатија и по големина и по типот на стопанските гранки на кои припаѓаат. Според податоците од централинот регистар во средината на 2011 година има регистрирани вкупно 2663 активни субјекти во кои спаѓаат приватните и јавните субјекти. Од нив најголем број се микро и тоа 1645, мали 1010, средни 7, а голем е само еден регистриран субјект.

Карактеристично е што на територијата работат поголем број на претпријатија кои се занимаваат со производство, но и претпријатија кои нудат услуги. Позвучни претпријатија на територијата на Општина Ѓорче Петров се:

- Од градежната индустрија: АД Адинг Скопје, Погоните на АД Маврово, АД Бетон, АД Карпош.
- Од хемиско-фармацевстката индустрија: АД Фармахем, АД Галафарм, АД Алкалоид, АД Лафома, Техносол и други претпријатија
- Од текстилната индустрија: Ажур, Велурфлок, Даматекс, Обнова, Марди и други.
- Прехрамбената индустрија: ТП Специјал, МИС Глобус, Дрога Колинска

Бројот на микро претпријатија на територијата на општината е најголем. Истиот варира од година во година. Малите и средни претпријатија се најчесто од прехрамбениот сектор пекари, потоа разни видови на услужни и занаетчиски дејности како и претпријатија кои се занимаваат со трговија. На територијата на Општина Ѓорче Петров се наоѓаат подружници на сите поголеми банки и ланци на супер маркети. Атрактивноста на општината, како и поволната клима во однос на градот заради близината на реката Вардар направиле оваа Општина да биде атрактивна за изградба на приватни болници.



Бројот на квалификуван кадар расте, но степенот на невработенсот го следи националниот тренд поради што невработеноста е голема.

Што се однесува до руралните средини важно е да се напомене дека населението главно се занимава со земјоделство. Околу 1800 членови на домаќинствата на територијата на општината се занимааат со земјоделска дејност. И покрај карактеристиките на руралните подрачја поголем дел од населението дневно мигира и работи во урбаниот дел како и на територијата на Градот Скопје.

**Капацитетите и структурата на земјоделското производство во Општина Ѓорче Петров**[6]

| Обработливо земјиште | Површина во хектари | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| Ниви | 2.080,85 | 45,36% |
| Градинарски култури | 16,89 | 0,37% |
| Овошни насади | 70,22 | 1,53% |
| Лозје | 166,79 | 3,64% |
| Ливади | 28,81 | 0,62% |
| Пасишта | 2.223,87 | 48,48% |
| Вкупно земјоделско земјиште | 4.587,00 | 100 % |



Дел од земјоделските површини се користат за овоштарството каде најголеми површини зафаќаат насадите со јаболки,кајсии и круши. Исто така присутни се насадите со вишни, сливи, праски ореви и бадеми. Сточарството како земјоделска гранка е развиена во руралниот дел од општината. Во овој дел има регистрирани 7 живинарски фарми со вкупно 13.500 кокошки, 4 краварски фарми со 116 грла крави и три трла за овци со вкупно 1.380 овци. Ако се направи споредба со податоците од последниот попис (2002 година), бројот на одгледувани грла има тренд на пораст, бидејќи податоците од пописот добиени од Републичкиот завод за статистика се следните: 460 овци, 234 кози, 426 свињи, 5.047 живина, 107 коњи, магариња 31, говеда 919 и 488 кошници со пчели. Сточарскиот сектор во општината се карактеризира со мали, сточарски домаќинства и комерцијално ориентирани земјоделски стопанства. Сточниот фонд во Општината е со околу 6.500 грла домашни животни и 488 пчелни семејства[7].

## Анализа на анкетата спроведена за локалната економија

При изработката на секоја стратегија за локален еконосмки развој потребно е да се изврши истражување на состојата со локалната економија преку спроведување на анкета на стопанските субјекти на територијата на општината. Во периодот Јули – Август 2011год.

[6] Ивор ЛЕАП
[7] Ивор ЛЕАП

на територијата на општината беше направена анкета на бизнис заедницата. Во анкетата спроведена со бизнис заедницата во општината беа опфатени 100 претпријатија кои се регистрирани и работат на територијата на општината. Изборот на анкетираните претпријатија беше направен со цел да бидат опфатени претставници од сите типови на претпријатија по големина: микро, мали и средни, како и според типот на дејноста која ја спроведуваат: производство, давање на услуги, занаетчии, трговија, превозници.

Анкетата покажа дека по одредени прашања дел од анкетираните претпријатија не беа спремни да дадат одговори на сите поставени прашања. Ова претставува индикација за слабата информираност на истите за процесите на локален економски развој. Од друга страна голем дел од нив не сакаа да бидат идентификувани што воедно укажува на потребата за воспоставување на поголема соработка помеѓу општината и бизнис секторот со цел заеднички да се работи на подобрување на бизнис климата во општината.

Од вкупниот број на испитаници 63 претпријатија се во индивидуална сопственост, што укажува на големиот број на претприемачи во рамките на општината. Останатите претпријатија се поголеми и се претежно седишта или оддели на претпријатија со повеќе дејности (вкупно 24), 4 се изјасниле како партнерства и едно е акционерско друштво. И по ова прашање 4 претпријатија одбиле да се идентификуваат. Најголем број од испитаниците се занимаваат со малопродажба 46, услужни дејности 19, додека како производствени капацитети се изјасниле 5 од кои доминираат градежните фирми и пекарите.

Од испитаниците 61 се изјасниле дека нивниот бизнис е стар повеќе од една година. Најголем дел од нив функционираат над 5 години, што укажува на поволната клима за работа во Општината. Најголем дел своите производи и услуги претпријатијата ги даваат во заедницата (63 испитаници), додека 4 претпријатија претежно своето производство го пласираат надвор од земјата. Ова укажува на способноста на претприемачите да се прилагодат на потребите на економијата на локално ниво со што својата дејност ја извршуваат успешно на локалниот пазар кое лесно се утврдува според соодносот на големиот бројот на вакви претпријатија и времетраењето на нивното постоење. Од друга страна укажува на подобностите за развој на дополнителни локално ориентирани претпријатија во рамките на општината.

Постоењето на претпријатија со поголеми производни капацитети отвора можности кои се нудат за претприемачите и малите претпријатија кои најчесто се јавуваат во улога на даватели на услуги за поголемите. Нивносто присуство овозможува и вработувања на квалификуван кадар од општината во согласност со потребите на овие извозно ориентирани компании. Соодносот на оние кои се изјасниле да го прошират бизнисот (вкупно 43), наспроти оние кои не се заинтересирани да го направат тоа (вкупно 37) не е голем. Меѓутоа важно е што вкупно 21 претпријатија од оние кои сакаат да го прошират,

се  заинтересирани истото да го направат во рамките на Општината, додека 18 би го прошириле и надвор од општината.

30% од испитаните претпријатија се изјасниле дека  нивните бруто приходи останале исти, а ист е процентот и на оние на кои истиот им се намалил. Само на 13 % од испитаниците им се зголемени и приходите и остварениот профит додека останатите 15% одбиле да дадат одговор на ова прашање.

Во однос на кадарот кој можат да го вработат во рамките на своите дејности претпријатијата сметаат дека има квалификуван кадар на територијата на Општината. Во однос на доквалификација на вработените најбарани се комуникациските вештини, финансискиот менаџмент како и компјутерските вештини кај вработените.

И покрај постењето и членувањето во  здруженија на национално ниво, претпријатијата добро го оценуваат окружувањето, иако истакнуваат дека не постојат бизнис асоцијации кои делуваат во рамките  Општината. Најголем дел од нив сметаат дека постоењето на една ваква асоцијација би им помогнала во развојот на нивниот бизнис.  Во групата на фактори кои ги ограничуваат во проширувањето на бизнисот по важност се наведени следните: финансиите, скапите банкарски кредити, законите и регулативите со кои се соочуваат притоа не наведувајќи конкретно кои, слабата куповна моќ на граѓаните, неможноста да се поседува сопствен деловен простор, комуналиите и високите комунални такси, конкуренцијата. Во втората група на ограничувачки фактори се спомнати: недоволната организираност за настап на странските пазари,  постоењето на монополите, неодговорноста на власта, фирмарините, данокот на добивка, слабата соработка со останатите фирми во Општината.

Во однос на соработката со локалната самоуправа и влијанието на истата врз локалното бизнис опкружување сметаат дека правилата и прописите се јасни и едноставни, но дека најголема пречка им претставуваат високите и непредвидливи трошоци.

Сугестии  за активности кои локалната власт може да ги направи за да ја олесни бизнис климата,  а се сугерирани од страна на  анкетираните претпријатија се: зголемуавње на инвестициите во подобрување на инфраструктурата, намалување на даночните стапки, воспоставување на системи за   лојална конкуренција, олеснување и намалување на документацијата, подобрување на  редовната комуникација со Општината,  регулирање на корупцијата,  лобирање за овозможување на поволни кредити, присуство на повеќе банки во Општината,  евентуална финансиска помош при воспоставување на нови бизниси, намалување на дел од давачките, превземање на соодветни мерки за казнување на нерегистрираните фирми, отварање на шалтер за комуникација со фирмите,  обезбедување на финансиски советници за малите претпријатија преку обуки,  заштита на правата на малосопствениците,  вспоставување на  повеќе проекти со јавно приватно партнерство, промоција за  вработување на луѓе од Општината во фирмите кои делуваат на

територијата на Општината, подобрување на хигиената, локално оданочување, задржување на локалните инвестиции во Општината и поголема промоција за Општината и претпријатијата кои работат во нејзини рамки .

Во однос на мерките кои бизнис секторот смета дека треба да бидат воведени од страна на Општината, а би помогнале развивање и проширување на бизнисот според важност ги истакнуваат:

- Подобрување на инфраструктура за поддршка на бизнисите,
- Обезбедување информации за развој на бизнисот,
- Подобрување на процедурите за бизнис,
- Обезбедување обука и експертиза за бизнисот,
- Реформа на политиките за локално оданочување.

Важни искуства кои ги стекнале при својата работа (позитивни и негативни) во однос на нивниот бизнис, од областа инфраструктура се наведени патиштата, пристапот до аеродром, бизнис објектите.

Од јавните услуги како најголеми интервенции се потребни во пристапот до вода и стабилното напојување со електрична енергија.

Според важноста најбитни фактори се: полициската заштита и пристапот до комуникациите, даночната администрација, дозволите за бизнис и одобренијата за работа. Како последни се споменати исфрлање на цврстиот отпад како и планирање и регулирање на зоните.

Како највлијателен фактор кој негативно влијае на равојот на бизнисите од аспект на квалитетот на живот наведен е криминалот, кражбите и нередите. Потоа следуваат: образовниот систем, даночните стапки, медицинската грижа за вработените и болниците, цената на телекомуникациски услуги, не присуството на рекреативни објекти, цените на домувањето и достапност до истото, како и недостатокот од конференциски објекти, и хотелски објекти.

Други фактори кои значително влијаат се наведени тешкиот пристап кон финасирањето како и недостатокот од ефикасни бизнис услуги.

Во однос на подршката што ја добиваат за развој на своите бизниси сите претпријатија се изјасниле дека е генерално слаба како од поглед на незнаењето за постоење на одделение за локален економски развој, а оние кои знаат ја споменуваат неговата слаба екипираност. Доплнително е наведено непостоењето на бизнис асоцијација на територијата на

Општината. Анкетираните се изјасниле дека услугите од централната власт се задоволителни, а најзадоволни се од професионалните приватни услуги.

Највисоко во делот за добра соработка со општинските одделенија котира одделението за финасии и буџет. Бизнис секторот смета дека добро соработува и со градоначалникот. Во однос на соработката со советот на Општината мислењата се поделени и тоа сразмерно додека пак најлошо е оценет тимот за ЛЕР. Тоа произлегува од фактот што на претходните прашања е утврдено дека претпријатијата не се информирани за постоењето на ова одделение ( 59 испитаници и не знаат дека постои такво одделение), а истото го идентификуваат со секторот за урбанизам за кој сметаат дека е најважен и најдобар во спроведувањето на активности за ЛЕР.

Претпријатијата сметаат дека Општината најактивно ја игра својата улога за промовирање на локалниот економски развој и локалните бизниси при што како носител на овие активности го сметаат дека е градоначалникот и секторот за урбанизам.

## Анализа, стратешки цели и приоритети

Комисијата з алокален еконосмки развој ја изготви следната свот анализа при шти гиидентификуваше јаките и слабите страни во Општината, како и можностите и заканите кои влијаат како надворешни фактори во развојот на економијата на територијата на Општина Ѓорче Петров.

| Јаки Страни | Слаби страни |
|---|---|
| 1. 68% од населението во Општината е работно способно<br>2. Стапката на писменост е висока 98,4%<br>3. 69,7% од населението се со средна стручна и висока стручна спрема вклучувајќи магистри и доктори на науки<br>4. Од вкупен број на 11886 домаќинства и станови 96% домаќинства имаат водовод<br>5. Во Општината има миграции со прилив на работна сила од Западна Македонија<br>6. Локалните компании го вработуваат населението од Општината (Техногас, Адинг)<br>7. Постојат 2663 активни правни субјекти на територијата на Општината | 1. Општината се соочува со одлив на работна сила кон другите општини.<br>2. Бројноста на младото население се намалува<br>3. Населението дневно мигрира кон други делови на градот<br>4. Индустриската зона нема основна инфраструктура<br>5. Приватните Болници вработуваат лица од други општини<br>6. Нема локални бизнис асоцијации<br>7. Нема податоци за точен број на регистрирани земјоделски стопанства<br>8. Нема занаетчии кои се занимаваат со традиционално занаетчиство.<br>9. Нема препознатлив производ |

8. Постојат 93 приватни здравствени установи и клиники
9. Бројот на ново запишани правни субјекти расте
10. Местоположбата на Општината овозможува добри предуслови за развој на економијата поради близината на обиколницата и железничката пруга
11. Утврдена е локација за Индустриска зона во Урбанистички планови
12. На територијата на Општината застапени се сите поголеми трговски компании од Македонија
13. На територијата на Општината постојат 24 поголеми индустриски капацитети
14. На територијата на Општината има активни викенд населби
15. Во село Кучково има многу природни убавини и археолошки наоѓалишта
16. На територијата на Општината има приватни производни и услужни фирми и тоа:
    - **Градежништво:** Адинг Инвеста, Бетон и Карпош; Градежни стоваришта 3-4
    - **Производство:** пекари, текстилни работилници, Месна индустрија, голем број на производители на печурки, Производители на тестенини, Конфекција:Обнова, Даматекс; Голем број на хемиски инд. хармацевтски куќи: Пластика, Изработка на Етикети и амбалажа, Кодинг, Горска вода,Хидротехника, Нискоградба; Печатници
    - **Услужни дејности:** Сојуз на возачи, Бензинска пумпа. Банки, Современ трговски центар, авто услужни дејности, Геодетски услуги, Адвокати и нотари, Кафеани, локални приватни аптеки,

карактеристичен за оваа Општината

10. Нема доволно угостителски објекти на територијата на Општината
11. Не постои план за соработка помеѓу Општината и Малите и Средни Претпријатија.
12. Не постои камп населба на територијата на Општината
13. Не е изменет ГУП и ДУП за обиколницата
14. Не постојат попратни услужни дејности во близина на приватните болници
15. Не е искористен потенцијалот кој го нуди кејот на р.Вардар
16. Во Општината нема доволно објекти и институции за рекреативни активности библиотека, кино сала и базен
17. Не се добро искористени објектите кои ги користат Месните Заедници
18. Објектот на старото кино е во судски спор
19. Во Кучково има училиште кое не е искористено
20. Не е воспоставена официјална соработка со факултет и универзитет
21. На територијата на Општината нема хотел и други сместувачки капацитети
22. Просторот кај обиколницата не е искористен за поставување на услужни дејности
23. Недоволен број на бензински пумпи
24. Нема доволно услужни дејности во Даме Груев и други места
25. Развојот на територијата на Општината не е балансиран
26. Нема регистер за потенцијални локации за инвестиции.
27. Нема точни податоци за

| | |
|---|---|
| Месарници и рибарници; приватни старски домови: Св.Пантелејмон-Ѓ.Петров(Јурија), Феникс – Волково<br>• **Занаетчии:** Фризери, Шминкери, Производители на кандиторски производи<br>17. Во Општината работат и компании со странски капитал: Техногас, Дрога Колинска, приватни болници: Св.Лазар, Очна болница, клиника Санте групација, Дијамед приватна холандска болница за дијализа<br>18. Одличен зелен пазар<br>19. Во Општината е развиено и земјоделството: Одгледување на цвеќе, Свињарска фарма, Живинарска фарма за несилки, Приватна краварска фарма во Стопански Двор, пчелари и бачило<br>20. Општината има канцеларија за поддршка на земјоделците.<br>21. На територијата има голем број манастири кои можат да се користат за развој на туризмот: Манастири: Во с.Кучково12 век Свети Ѓорѓија со конаци; во Стопански Двор св.Мала Богородица со конаци, има други 26 цркви меѓу кои и 30 маченици во која се оди за празникот младенци<br>22. Постојат места со верувања и традиција кои се редовно посетувани од млади парови и млади луѓе (како местото викано змијарник)<br>23. Постојат 3 објекти во Н.Село, Орман, Волково кои во моментот се користат целосно од МЗ<br>24. Започнати се и спроведени иницијативи за соработка со локалните фирми за саеми и преставување на фирмите<br>25. Општина Ѓорче Петров има воспоставено добра соработка со Град Скопје во однос на развивањето на локалната економија | економскиот тренд во Општината.<br>28. Во с. Волково нема градинки<br>29. Нема пазар во најголемата населба Волково<br>30. Одделението за ЛЕР не е доволно кадровски екипирано<br>31. Не е воспоставена соработка со Стопанските комори<br>32. Се уште не е реализиран планот за изградба на голем Трговски Центар и хотелски комплекс кај Јурија<br>33. Неразвиено и неорганизирано собирање на билки |

| | |
|---|---|
| 26. Постојат картинг патеки во С. Волково<br>27. На територијата на Општината во С Орман се одржуваат Ридско планински мотокрос натпревари.<br>28. Постои излетничко место<br>29. Активни се Коњички клубови Волково Ѓ.П<br>30. На територијата се одвиваат и голем број спортски активности преку активните Спортски Клубови како што се: ФК Македонија, Клубот за Кајак на диви води, Ракометен клуб Ѓ.Петров, Карате клуб<br>31. Постојат три фудбалски терени и две спортски сали | |
| **Можности** | **Закани** |
| 1. Национална агенција за образование и мобилност овозможува преквалификација преку нивните програми<br>2. Агенција за странски инвестиции овозможува промовирање на општините и потенцијалите за инвестирање<br>3. Близина до канцеларијата на Скопскиот Плански Регион<br>4. Министерство за економија има програми со кои ги подржува малите и средни претпријатија и развојот на кластери.<br>5. ЗЕЛС има програми со кои се подржуваат општините во ЛЕР, и подржува презентирање на општините<br>6. Близина до меѓународни институции и организации<br>7. IPA фондовите стојат на располагање<br>8. Законот овозможува формирање водни заедници со што би се искористил потенцијалот за експлоатација на песок, чакал, и наводнувањето<br>9. Присуство на меѓународни Саеми во Словенија Србија<br>10. Twinning програми за Малите и | 1. Законска регулатива за туристичка такса закон за град Скопје<br>2. Јурија земјиштето е сеуште во владеење на Министерството за Транспорт и Врски кое има надлежност за издавање на истото под<br>3. Нема регистар за потенцијални инвеститори од Министерство за Економија<br>4. Недоволно информирање од страна на Министерството за Економија и другите министерства во однос на програмите<br>5. Недостаток од законска регулатива за продавачи на пазари и тезги<br>6. Сива економија<br>7. Недоволен консултативен процес со општините при носење на закони<br>8. Не навремено интегрирање на забелешките во законските промени.<br>9. Нема покани од собрание на РМ за учество во јавни расправи.<br>10. Слаба соработка со парламентарните претставници кои се од Општината<br>11. Комуникација Општината ЗЕЛС- |

| | |
|---|---|
| Средни Претпријатија и занаетчиите<br>11. Близина до инкубатори, Стопански комори, асоцијации и здруженија<br>12. Регулатива за дефинирање потенцијални инвестиции<br>13. Општината е збратимена со повеќе градови<br>14. Добра соработка со Град Скопје<br>15. П.П. единица дислокација со г.Скопје | Влада –Собрание на РМ<br>12. Законска регулатива за данокот на имот кој се дели со Град Скопје<br>13. Завод за статистика и добивање на застарени податоци<br>14. Железничкиот патнички сообраќај е редуциран<br>15. Не сите фирми одговараат на повиците за соработка<br>16. Малите и Средни Претпријатија не се заинтересирани за соработка |

Тимот за изработка на стратегијата во рамките на оваа област како најзначајна ги дефинира следните **Стратешки цели:**

1. Да се воспостави соработка со Национална Агенција за Образование и Мобилност за информирање и подобро искористување на средствата од нивните програми на територијата на Општината
2. Спроведување на активности за поврзување на локалните МСП и занаетчии со постојните twining програми
3. Поврзување на сите претпријатија и занаетчии со цел поддржување за присуство на саеми
4. Иницирање на поголема соработка со стопанските комори, асоцијации и здруженија
5. Изработка на проект за воспоставување на етно село во Кучково со искористување на фондовите од IPA
6. Внесување на индустриската зона во Општина Ѓорче Петров со регистраторот за потенцијални инвестиции во Град Скопје и национално ниво.
7. Дефинирање на програма за економска соработка со збратимените градови
8. Развој на хортикултурно производство и билкарство
9. Обновување на соработката со Агенцијата за странски инвестиции
10. Одржување на соработката со меѓународните институции и организации
11. Подготовка на развоен план за искористување на потенцијалите за манастирски туризам
12. Подготовка на развоен план за искористување на потенцијалите од традиционалните обичаи за местата Змијарник и Мајчин камен
13. Искористување на објектите на МЗ во селата во интерес на развој на локалната економија
14. Подготовка на генерален план за развој на рурален и Еко туризам.
15. Подготовка на студија и план на просторот за изградба на камп
16. Поврзување на постојните коњички клубови со плановите за развој на туризмот

17. Промовирање на  можностите и  потенцијалот за изградба на нови  домови за грижа на стари лица како потенцијал
18. Воспоставување на  соработка со Град Скопје и Министерствата за искористување на потенцијалите за инвестиции во Општина Ѓорче Петров .
19. Унапредување на  соработката со  сите стопански субјекти во Општината вклучувајќи ги и македонски железници
20. Воспоставување на  поцврста соработка со министерството за економија
21. Подобрување  на соработката  со град Скопје за измени на ГУП  за искористување на можностите за уредување на земјиштето околу  обиколницата со цел воспоставување на стопански субјекти и услужни дејности
22. Зајакнување на  капацитетот на одделението за  Локален Економски Развој
23. Надополнување  на  регистарот за МСП во Општината
24. Изработка на  анализи и  годишно следење на  економските трендови  во Општината
25. Воспоставување на услови за развој на услужни дејности кај  болниците во месноста Јурија
26. Подготовка на општински план за изградба на  пазар во с.Волково
27. Подготовка на  проекти за изградба на рекреативни велосипедски и планински патеки
28. Искористување на искуствата и врските на А.Д  АДИНГ за развој  на локалната економија и туризмот
29. Подготовка на проекти за изградба и реконструкција на рекреативни  капацитети (кино, библиотека,базен)
30. Воспоставување на соработка со универзитети и факултети.
31. Подготовка на програма за соработка со стопанските субјекти  во Општината
32. Подготовка на проекти кои можат да бидат финансирани од  IPA /IPARD
33. Воспоставување на  соработка со МЗШВ за редовно следење на бројот на регистрирани земјоделски производители на територијата на Општината.
34. Да се воспостави план за соработка со пратениците од Општината во интерес на економскиот развој на Општината
35. Изготвување на соодветна софтверска програма за прибирање, мониторинг и анализа на економските параметри во општината.

Врз основа на  големиот број на стратешките цели се дефинирани следните **Стратешки Приоритети:**

| Ред.бр | СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ | приориотет број |
|---|---|---|
| 1. | Зајакнување на капацитетот на одделението за ЛЕР | 1 |
| 2. | Воспоставување и обновување на  соработката со институциите (министерства, агенции) | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Подготовка на програма за дефинирање на потенцијалите за инвестиции во Општината | 2 |
| 4. | Подготовка на стратегија за развој на туризмот во Општина Ѓорче Петров | 3 |

Конечната листа на стратешки приоритети и стратешки цели за областа локалната економија е следната:

1. **Зајакнување на капацитетот на одделението за ЛЕР**

   - Надополнување на регистарот за МСП во Општината
   - Подготовка на програма за соработка со стопанските субјекти во Општината
   - Унапредување на соработката со сите стопански субјекти во Општината вклучувајќи ги и македонски железници
   - Изработка на анализи и годишно следење на економските трендови во Општината
   - Иницирање на поголема соработка со стопанските комори, асоцијации и здруженија
   - Спроведување на активности за поврзување на локалните МСП и занаетчии со постојните twining програми
   - Поврзување на сите претпријатија и занаетчии со цел поддржување за присуство на саеми
   - Дефинирање на програма за економска соработка со збратимените градови
   - Искористување на искуствата и врските на А.Д АДИНГ за развој на локалната економија и туризмот
   - Подготовка на проекти кои можат да бидат финансирани од IPA /IPARD
   - Воспоставување на утврден периодичен систем за прибрибирање на податоци од терен за локалната економија
   - Воспоставување на добар систем за управување со постојните и потенцијалите за нови индустриски зони.
   - Донесување на општински акт со кој инвеститорите покрај купувањето ќе се обврзуваат да учествуваат во уредувањето на индустриските зони, за што ќе им бидат понудени ослободување од некои обврски кон Општината.

2. **Подготовка на програма за дефинирање на потенцијалите за инвестиции во Општината**

- Искористување на објектите на МЗ во селата во интерес на развој на локалната економија
- Промовирање на можностите и потенцијалот за изградба на нови домови за грижа на стари лица како потенцијал
- Воспоставување на соработка со град Скопје и Министерствата за искористување на потенцијалите за инвестиции во Општина Ѓорче Петров
- Воспоставување на услови за развој на услужни дејности кај приватните болници во месноста Јурија
- Подготовка на општински план за изградба на пазар во с.Волково
- Подготовка на проекти за изградба и реконструкција на рекреативни капацитети (кино, библиотека,базен)

3. **Подготовка на стратегија за развој на туризмот во Општина Ѓорче Петров**

- Изработка на проект за воспоставување на етно село во Кучково со искористување на фондовите од ИПА
- Развој на хортикултурно производство и билкарство
- Подготовка на развоен план за искористување на потенцијалите за манастирски туризам
- Подготовка на развоен план за искористување на потенцијалите од традиционалните обичаи за местата Змијарник и Девојачки камен
- Подготовка на генерален план за развој на рурален и Еко туризам.
- Подготовка на студија и план на просторот за изградба на камп
- Поврзување на постојните коњички клубови со плановите за развој на туризмот
- Подготовка на проекти за изградба на рекреативни велосипедски и планински патеки
- Анализа на лековитоста на термалните извори на подрачјето на општината и можност за нивна промоција како економски и туристички фактор

4. **Воспоставување и обновување на  соработката со институциите (министерства агенции)**

- Да се воспостави соработка со Национална Агенција за Образование и Мобилност за информирање и подобро искористување на средствата од нивните програми на територијата на Општината
- Внесување на  индустриската зона во Општина Ѓорче Петров  со регистраторот за  потенцијални  инвестиции во Град Скопје и национално ниво.
- Обновување на  соработката со Агенцијата за странски инвестиции
- Одржување на  соработката со меѓународните  институции и организации
- Воспоставување на  поцврста соработка со министерството за економија
- Подобрување  на соработката  со град Скопје за измени на ГУП  за искористување на можностите за уредување на земјиштето околу обиколницата со цел воспоставување на стопански субјекти и услужни дејности
- Воспоставување на соработка со универзитети и факултети.
- Воспоставување на  соработка со МЗШВ за редовно следење на бројот на регистрирани земјоделски производители на територијата на Општината.
- Да се воспостави план за соработка со пратениците од Општината во интерес на економскиот развој на Општината

# VII. Заштита на Животната средина

**Генерални карактеристики :**



Општината Ѓорче Петров води посебна грижа за заштитата на животната средина.  Општината во согласност со својата насоченост кон обезбедување на здрава и чиста животна средина за своите граѓани има подготвен и речиси 90% имплементиран локален еколошки акционен план. Како Општината која се наоѓа во рамките на Град Скопје Општината своите надлежности од областа на заштита на животната средина ги спроведува и во согласност со Локалниот Еколошки Акционен План на Градот Скопје. Општината се грижи во рамките на своите надлежности за одлагањето на отпадот посебно во руралните области каде е склучен договор за ЈПП со цел решавање на ова прашање.

Природата и биолошката разновидност го опфаќаат богатството на живиот свет и разновидните модели што истата ги оформува и секогаш биле под можни влијанија на активностите на  човекот, особено преку активности на економските сектори. Нивното постоење е резултат на милијарди години еволуција, што самото по себе ја нагласува потребата за нивна континуирана заштита.



Економските сектори кои можат негативно да влијание врз природата и биодиверзитетот се: земјоделството и шумарството; лов и риболов; транспортот (фрагментација на живеалиштата); енергетиката (изградба на хидро-енергетски акумулации и производството на енергијата); индустријата и рударството (т.н. „жешки точки”, напуштени рудници и нивни депонии); туризмот (викенд населби со слаба комунална инфраструктура); градежништвото (диви градби) и др.

Негативното влијание може да биде  директно и индиректно. Од директните најзначајните негативни ефекти за стабилноста на екосистемите и деградацијата на биодиверзитетот вклучуваат ѓубење, модификација и фрагментација на живеалиштата и прекумерното искористување на биолошките ресурси (лов, риболов, тргување со лековити и ароматични растенија, полжави, желки, печурки, и др.).

Негативното влијание на економските сектори во Општина Ѓорче Петров врз природата и биодиверзитетот е незначително, земајќи го во предвид и обемот на активности на самите сектори.

Не постојат прецизни податоци за бројност на животински и растителни видови. Според големината на територијата и разновидноста на хабитатите, проценка е дека има околу 200 рбетници и околу 1.000 видови растенија. Врз основа на податоците презентирани за град Скопје може да се направи груба проценка, но евидентна е потребата од идентификување на видовите и екосистемита на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

Општина Ѓорче Петров не располага со големи шумски површини, кој изнесуваат 1.010 ха, според статистичките податоци, од кои 578 ха се во приватна сопственост, а 432 ха во општествена сопственост. Во последните 5 години најчесто сеча се врши на даб, габер и црн бор (култура).

Земајќи го во предвид фактот дека во Општината нема големи активности на индустрискиот сектор влијанието врз природата и биодиверзитетот е незначително. Единствена опасност во оваа насока е непланско проширување на индустриски активности.

Општина Ѓорче Петров не располага со големи шумски површини, кој изнесуваат 1.010 ха, според статистичките податоци, од кои 578 ха се во приватна сопственост, а 432 ха во општествена сопственост.

Општина Ѓорче Петров е претежно урбана Општината, поради што собирањето на лековити и други видови растенија на нејзината територија е незначително. Исклучок е околината на с.Кучково, каде постои можност за собирање, но тоа е инцидентно и собраните количини не се продаваат, туку се користат за индивидуални потреби на собирачите (жителите и излетниците). На територијата на Општината се собира шумскиот полжав Helix lucorum кој е позастапен, но има помало економско значење од лозовиот полжав H.pomatia. Што се однесува до желките, исто така не постојат податоци за собрана количина. Желките не се собираат организирано, а можни се инцидентни собирања на видот Testudo hermanni.

## Анализа, стратешки цели и приоритети

Комисијата за заштита на животната средина при изработката на овој документ ги зеде во предвид определбите на комисијата за Локална Економија со што придонесе да се превземат мерки со кои развојот на локалната економија нема да доведе до нарушување на животната средина на територијата на Општината. Оттука произлезе и оваа SWOT анализа на областа на заштитата на животната средина:

| **Јаки Страни** | **Слаби страни** |
| --- | --- |
| 1. Постои приватна фирма за собирање на смет во руралниот дел (Ново Село , С.Двор, Волково. К .Јабука )<br>2. Приватен оператор за организирано собирање на комунален отпад во рурални средини<br>3. Постои локација за деопонија за инертен оптпад одобрена од МППЖС (Ново село покрај р.Лепенец)<br>4. Број на интегрирани екололошки дозволи и елаборати за заштита на животната средина на територија на Општината.Ѓ.Петров.<br>5. Овластен инспектор за животна средина во Општината Ѓ.Петров<br>6. Ангажирање на корисници на соц.услуги во одржување на јавната чистота во Општината.<br>7. Поставување корпи за отпадоци за јавни површини.<br>8. Корпи/контејнери за хартија ,рециклирање Контејнери за рециклирање пластични шишиња (урбан .дел, кол.домување .)<br>9. Дистрибуирани канти за смет до семејствата 80-90%)во цела Општината<br>10. Поставени компостери во руралниот дел(с.Ормнан, основни училишта)<br>11. Организирање на акции 2x годишни ја одлагање на кабаст отпад.<br>12. Со ком.преработување и концесионерот за руралните пподрачја.<br>13. Локација на Општината на две реки Вардар и Лепенец .<br>14. Нема големи загадувачи во Општината, постоечките се под дозволените граници)<br>15. План за организирано управување со отпад<br>• Грижа за здравјето и безбедност на луѓето подобрување на | 1. Слаба соработка меѓу Фармахем како акр. Лабораторија за мониторинг.<br>2. Запуштеност на гробиштата на Општината Ѓ.П и не одржување на просторот.<br>3. Слаба соработка со другите општини за заштита на Ж.С.<br>4. Слаба меѓуопштинска соработка со Општината Сарај и Карпош.<br>5. Добра соработка со СПР со Ц.Рег. развој.<br>6. Непостоење третман на сточно ѓубре.<br>7. Нема одлагалишта за собраната стара хартија.<br>8. Почесто празнење на контејнерите.<br>9. Палење на дворниот отпад.<br>10. Постоење на диви депонии.<br>11. Ниска свест на граѓаните за одлагање на отпадот.<br>12. Ниска свест на населението за компостирање.<br>13. Нема податоци за ретки видови флора и фауна во Општината.<br>14. Деградации на шумите<br>15. Нема евиденција за собирање на лек.билки.<br>16. КУПРОМ работи неовластено<br>17. Нема воспоставен мониторинг на аерозагадување.<br>18. Не постои мониторинг за загадување на почвите на органска храна.<br>19. Немање контрола на користење на пестициди.<br>20. Загадување на бунарски води во населени места .<br>21. Лепенец е зnative, а водата се користи за наводнување.<br>22. Мониторинг на квалитет на водите .<br>23. Голем број на септички јами во руралниот дел. |

| | |
|---|---|
| технологиите и супституциј на ОМ<br>• Адинг – управува со медиумите на ЖС<br>• Мониторинг на медиумитеадинг – има АЕД (Елаборат)<br>• Воведен ИСО -1400л: 2004<br>• Уштеда на природните ресурси-одржлив развој<br>• Енергетска ефикасност на проектот за сончеви колектори.<br>• Управување со операциите за отпад и отпадни материи.<br>• Аплициравме за А—Интегрирана дозвола<br>• Почитување на законска регулатива од заштита на ЖС.<br>16. Дезинфекција и дератизација во Општината, за град Скопје водена тендерска процедура<br>17. Изграден колекторски систем за прифаќање на отпадните води во руралните подрачја.<br>18. Изградена фекална канализација над 60% во Волково на чија територија се наоѓаат артериските бунари кај сливот на р.Лепенец.<br>19. Пречистителни станица Волково, С.Двор ,Кисела Јабука.<br>20. Акции за чистење по јавни манифестации .<br>21. Постојат НВО за заштита на ЖС.<br>22. НВО во соработка со Општината работат на подигање на јавна свест за ЖС.<br>23. Постојат капацитети за аплицирање за проекти за заштита на ЖС.<br>24. Редовно садење дрва во училишта,од АДИНГ и сл.<br>25. Зелени појаси (Водно ,Сарај)<br>26. Засадување и зазеленување во Општината.<br>27. Општината инвестира во механизација за одржување на зеленилото. | 24. Не се решени индустриските отпадни води.<br>25. Црногорска – дивоградба нема канализација се легазира (над пруга 2м′ )<br>26. Јурија не е приклучена целосно на канализациска мрежа<br>27. Недостаток на стратегија за Е.Ефикасност<br>28. Нема одделение<br>29. Недоволна екипираност на одделение за ЗЖС (само еден вработен)<br>30. Нема доволно финансиски средства за подобрување на состојбите во ЖС.<br>31. Транспарентнот во податоци за граѓаните.<br>32. Нема доволно информации како да ги користиме фондовите од IPA.<br>33. Мали површини со зеленило и дрвја во урбаниот дел.<br>34. Зазеленување на спортски терени. |

| Можности | Закани |
|---|---|
| 1. Акредитација на Адинг за мониторинг на ЖС<br>2. Закон за рур.развој, центар за рурален развој на селските подрачја.<br>3. ЈП Паркови и зеленило отворени за соработка<br>4. Добра(постоечка)законска регулатива.<br>5. Навремено информирање за промените во законските регулативи.<br>6. Ј.П.П/Концесии<br>7. IPA за прекугранична соработка<br>8. Закон за меѓуопштинска соработка.<br>9. Постоење на проекти од организации за ЗЖС.<br>10. МЗЖСПП активност за ЗЖС .<br>11. Активност на ОХО во училиштате.<br>12. Образовни програми за ЗЖС од Мин.за Образование.<br>13. Обуки за собирање лековити билки на МЖСПП.<br>14. Голем број на обуки и информации од институциите.<br>15. Дирекција за заштита и спасување.<br>16. Пункт на ПП Единици на Град Скопје во Општината | 1. Завод за статистика - погрешна евиденција по застарен систем<br>2. Депонирање на опасен отпад во фирмите<br>3. Комуна не откупува стара хартија.<br>4. Неодговорност на Општината Сарај за превземени обврски.<br>5. ЈП Паркови и Зеленило.<br>6. Други заводи кои контролираат квалитет на медиуми .<br>7. Неспроведување во целост на зак.регулативи од страна на стопански субјекти.<br>8. Институците /организацииите не ги повикуваат општините на обуки и информативни сесии.<br>9. Увид во СОВЖ о д други фактори |

Врз основа на Свот анализата тимот за изработка на стратегијата ги дефинира следните **Стратешки цели:**

1. Воспоставување соработка за мониторинг на животната средина со компаниите на територијата на Општината: АДИНГ и ФАРМАХЕМ
2. Продлабочување на соработката со Јавните претпријатија и градот Скопје во областите на поделени надлежности:
   - Паркови и зеленило
   - Комунална хигиена

3. Зголемување на транспарентноста на Општината за спроведување на законите за Заштита на Животната Средина.
4. Продлабочување на меѓу општинската соработка за заштита на Животната Средина со соседната Општината Карпош за прашањата поврзани со загадувањето на реката Лепенец и со Општината Сарај за прашања поврзани со р.Вардар.
5. Искористување на добрите капацитети на НВО
6. Воспоставување на план за соработка со зелените НВО-и за спроведување на заеднички активности во насока на заштита на животната средина
7. Искористување на можностите на IPA со Косово за прочистување на реката Лепенец
8. Подготовка на проекти за искористување на европските и други фондови каде приоритет е ЗЖС.
9. Продлабочување и интензивирање на соработката за проекти со Центарот за развој на Скопскиот плански регион
10. Соработка со Градот за имплементирање на активностите за Б Интегрираните Еколошки Дозволи
11. Продолжување на активностите кои се спроведуваа во рамките на проектот за компостирање
12. Воспоставување на соработка со постојните стопански субјекти за спроведување на мерките за заштита на Животната Средина
13. Соработка со Министерството за Животна Средина и Просторно Планирање во областа на:
- Добивање на обуки за собирање на лековити билки и нивна заштита
- Информирање за законски регулативи промени и новости
- Подигање на јавната свест
- Информации за активностите на МЖЦПП на територијата на Општината.
- Информации за состојбата на сите медиуми за Животна Средина од мерењата кои ги спроведува МЖСПП.
- Третманот на индустриските води
14. Продолжување на едукативните програми за децата во училиштате и градинките во соработка со НВО, бизнис секторот.
15. Воведување на програма за волонтерски активности за заштита на Животната Средина на територијата на Општината
16. Изработка на план за собирање и рециклирање на хартијата, стаклото и алуминиумот
17. Да се продлабочи соработката со Град Скопје во согласност со нивниот ЛЕАП.
18. Завршување на активностите за заштита на животната средина од ЛЕАП на Општината пред донесување на нов ЛЕАП
19. Зајакнување на одделението за заштита на животна средина.

20. Изработка на база на податоци за биодиверзитет на ниво на Општината со цел утврдување на состојбата на флората и фауната
21. Изработка на одделна стратегија за третман и искористување на расположливата биомаса
22. Воспоставување на соработка со МЖСПП за прашањата не третманот на опасен хемиски, електричен и електронски отпад
23. Информирање на граѓаните за депонијата за инертен отпад и воведување казни за непочитување на уредбата за одлагање на инертен отпад.
24. Зголемување на соработката на инспекциските служби на сите нивоа
25. Утврдување на санкции за местата каде има канализација, а сеуште се во употреба индивидуалните септички јами.
26. Воспоставување соработка со меѓународни организации за решавање на проблемите од Животната Средина
27. Назначување одговорно лице во Општината за следење на информацииите за користење на фондовите IPA
28. Реализација на ДУП за зелените површини и подготовка на план за зголемување на количеството на дрвна маса на територија на општината
29. Натпревар и јавни признанија за одржување на Животната Средина.

Врз основа на дефинираните стратешки цели комисијата ги дефинира следните
**Стратешки Приоритети:**

| Ред.бр | СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ | Приоритет. бр |
|---|---|---|
| 1 | Утврдување на состојбата со биодиверзитет во Општината | 5 |
| 2 | Продлабочување и воспоставување соработка со релевантните институции за ЗЖС | 4 |
| 3. | Воспоставување соработка со стопански субјекти за подобрување и унапредување на ЖС | 3 |
| 4 | Изработка на стратегија за Заштита на ЖС преку образовни програми и волонтерство | 1 |
| 5. | Воспоставување на соработка со институциите и организациите за искористување на предпристапните програми и други фондови за подобрување на состојбата со ЖС | 2 |
| 6. | Изработка на стратегија за ЈПП за рециклирање на хартија и стакло | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Реализација на ДУП за зелените површини и подготовка на план за зголемување на количеството на дрвна маса на територија на општината | 6 |

Конечната листа на стратешки приоритети и стратешки цели за областа заштита на животната средина е следната:

1. **Изработка на стратегија за Заштита на ЖС преку образовни програми и волонтерство**

- Натпревар и јавни признанија за одржување на Животната Средина.
- Информирање на граѓаните за депонијата за инертен отпад и воведување казни за непочитување на уредбата за одлагање на инертен отпад.
- Продолжување на едукативните програми за децата во училиштате и градинките во соработка со НВО, бизнис секторот.
- Воведување на програма за волонтерски активности за заштита на Животната Средина на територијата на Општината
- Зголемување на транспарентноста на Општината за спроведување на законите за Заштита на Животната Средина.
- Утврдување на санкции за местата каде има канализација а сеуште се во употреба индивидуалните септички јами

2. **Воспоставување на соработка со институциите и организациите за искористување на предпристапните програми и други фондови за подобрување на состојбата со ЖС.**

- Подготовка на проекти за искористување на европските и други фондови каде приоритет е ЗЖС.
- Назначување одговорно лице во Општината за следење на информациите за користење на фондовите IPA
- Воспоставување на план за соработка со зелените НВОи за спроведување на заеднички активности во насока на заштита на животната средина
- Воспоставување соработка со меѓународни организации за решавање на проблемите од Животната Средина
- Искористување на IPA со Косово за прочистување на реката Лепенец

3. **Воспоставување соработка со стопански субјекти за подобрување и унапредување на ЖС**

- Воспоставување соработка за мониторинг на животната средина со компаниите на територијата на Општината: АДИНГ и ФАРМАХЕМ

- Воспоставување на соработка со постојните стопански субјекти за целосно спроведување на законските мерките за заштита на Животната Средина

**4. Продлабочување и воспоставување соработка со релевантните институции за ЗЖС**

- Продлабочување на соработката со Јавните претпријатија и градот Скопје во областите на поделени надлежности:
  - o Паркови и зеленило
  - o Комунална хигиена
- Продлабочување на меѓу општинската соработка за заштита на Животната Средина со соседната Општината Сарај за прашањата поврзани со загадувањето на реката Лепенец
- Соработка со Министерството за Животна Средина и Просторно Планирање во областа на:
- o Добивање на обуки за собирање на лековити билки и нивна заштита
- o Информирање за законски регулативи промени и новости
- o Подигање на јавната свест
- o Информации за активностите на МЖЦПП на територијата на Општината.
- o Информации за состојбата на сите медиуми за Животна Средина од мерењата кои ги спроведува МЖСПП.
- o Третманот на индустриските води
- Да се продлабочи соработката со Град Скопје во согласност со ЛЕАП на Градот
- Воспоставување на соработка со МЖСПП за прашањата не третманот на опасен хемиски, електричен и електронски отпад
- Соработка со Градот за имплементирање на активностите за Б Интегрираните Еколошки Дозволи

**5. Утврдување на состојбата со биодиверзитетот во Општината**

- Изработка на база на податоци за биодиверзитет на ниво на Општината со цел утврдување на состојбата на флората и фауната

**6. Реализација на ДУП за зелените површини и подготовка на план за зголемување на количеството на дрвна маса на територија на општината**

**7. Изработка на стратегија за ЈПП за рециклирање на хартија и стакло**

# VIII. Невладини организации

**Генерални карактеристики :**

Во рамикте на Општина Ѓорче Петров постојат и активни се неколку невладини организации кои ги застапуваат интересите на граѓаните во неколку области и тоа: социјална заштита, соцјална заштита на социјално исклучени групи, заштита на животната средина, права на жената, права и здружување на пензионери, културно и природно наследство, спортски интереси, и слично.

Соработката со невладиниот сектор во Општината е на задоволително ниво посебно поради големиот број на активности кои се спроведуваат како резултат на соработканата на невладините организации со Општината. Во овие активнсоти спаѓаат заеднички акции, активности за одбележување на некои настани во Општината.

Општината во своите рамки има нвладина организација која специфично се грижи за Ромската популација. Сите активности како и целокупните работи поврзани со социјалната и здравствената состојба на оваа популација се спроведуваат од невладината организација ЛИЛ.

Исто така голем дел од хуманитрни и други активноси се спроведуваат од страна на невлдиниот сектор.

И покрај постоењето на одреден број на активни невладини организации, утврдена е потреба за продлабочување на соработката помеѓу Општината и невладиниот сектор.

**Анализа, стратешки цели и приоритети:**

Комисијата за Невладини организации во текот на работата, имајќи го во предвид подобрувањето на локалниот економски развој, изврши мапирање на следните карактеристики на граѓанскиот сектор во Општината:

| **Јаки Страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| 1. Во Општината има активни НВОи кои работат во различни области<br>• Лил<br>• Ден До Вас<br>• Флорозон<br>• Креактив<br>• Спелеолошки клубови: Врело, Пеони, Урсус Спелеос<br>• Нуркачки Клубови | 1. Слаба е соработката на НВО со приватниот сектор<br>2. Нема средства во буџетот кои се одвоени исклучиво за помагање на НВО секторот<br>3. Нема лице за соработка со НВО<br>4. Нема база на податоци за бројот на НВО и областите во кои делуваат<br>5. Нема практика на делегирање на надлежности во НВО секторот од |

| | |
|---|---|
| • Организација на жени<br>• Организација на жени пензионерки<br>• Анѓа<br>• Организација на пензионери<br>• Open the windows<br>• Кинг Марко Ланд<br>• Здружение на НОВМ<br>2. Добра соработка на НВО со локалната самоуправа за реализација на проекти во Општината<br>3. Голем број на заеднички имплементирани проекти<br>• Јавна свест<br>• Здравство<br>• Образование<br>• Инфраструктура<br>4. Граѓаните веруваат на НВО од Општината<br>5. НВО кадарот е стручен<br>6. Општината дава бесплатни совети и обуки на НВО<br>7. НВО ги информираат граѓаните за промени во законите и обврските кон Општината<br>8. Соработка за промовирање на можности за идна соработка со спелеолошкото друштво во наставата<br>9. Добра соработка на НВО со поликлиниките, училиштата и градинките во Општината<br>10. НВО имаат реални податоци од теренот кои ги споделуваат со Општината<br>11. НВО се вклучени во изработка на стратешки документи во Општината | страна на Општината<br>6. НВО не присуствуваат на седниците на советот<br>7. Советот нема воведено практика на граѓанска столица<br>8. НВО не се доволно промовирани во јавноста за она што работат<br>9. Општината го наплаќа просторот отстапен на НВО<br>10. Општината има неискористени празни простории од страна на НВО<br>11. Добрите пракси за соработка помеѓу НВО и Локалната самоуправа не се доволно искористени<br>12. Не се одвојуваат средства за кофинансирање на активностите на НВО<br>13. Активностите не НВО не се дел од информациите кои ги споделува Општината со јавноста<br>14. Нема волонтери кои доаѓаат од НВО во Општината<br>15. Општинската администрација не е доволно информирана за потенцијалите на НВО секторот |
| **Можности** | **Закани** |
| 1. Голем број на фондови кои бараат партнерства помеѓу ЛС и НВО<br>2. Законот за волонтерство<br>3. Законот за здруженија на | 1. Недоволна вклученост на НВО во законодавните процеси |

| | |
|---|---|
| граѓани и фондации<br>4. Законот за ЛС и можностите за делегирање на надлежностите<br>5. Отвореноста на бизнис секторот | |

**Стратешки цели** кои беа утврдени во согласност со анализата на јаките и слабите страни можностите и заканите:

1. Утврдување на стратешки јасно дефинирани партнерства помеѓу НВО секторот и Општината
2. Искористување на можностите за делегирање на надлежности според одлуките на советот на НВО секторот
3. Воспоставување на соработка за заедничко делување на НВО и ЛС за одредени проблеми на граѓаните поради добриот имиџ на НВО
4. Вклучување на информации за работата на НВО во гласилата на Општината
5. Креирање на регистар на НВО од територијата на општината и нивни носечки приоритети
6. Информирање на граѓаните за заедничките активности помеѓу Општината и НВО секторот
7. Подобрување на соработката помеѓу НВО, општините и бизнис заедницата
8. Подобрување на соработката помеѓу НВО секторот и Општината во делот на образованието и едукацијата
9. Воспоставување на механизам за вмрежување на НВО секторот и Општината со други општини и збратимените градови
10. Вмрежување на НВО секторот за подобра соработка во Општината
11. Воспоставување на НВО Инфо Центар на територијата на општината.
12. Предвидување на средства за поддршка на НВО секторот по примерот на други општини во Македонија
13. Практикување на граѓанска столица во рамките на советот на Општината
14. Промоција и практикување на волонтеризмот во Општината и НВО секторот со цел да се обезбедат податоци за НВО секторот и негово делување, проекти и активности на НВО секторот .

15. Воведување на информативен ден за НВО во советот и општинската администрација

16. Организација на настани за презентација на сите субјекти кои делуваат во Општина Ѓорче Петров со цел запознавање на истите и услугите кои ги нудат на граѓаните.

| Ред.бр | СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ | Приоритет. бр |
|---|---|---|
| 1 | Воспоставување на соработка помеѓу Советот на Општина Ѓорче Петров и Невладините Организации | 1 |
| 2 | Подготовка на програма за соработка со НВО секторот во Општината | 2 |
| 3. | Олеснување на соработката помеѓу НВО, Бизнис секторот и Општината | 3 |

Утврден редослед на стратешки цели и стратешки приоритети според важноста:

**1. Воспоставување на соработка помеѓу советот на Општина Ѓорче Петров и Невладините организации**

1. Искористување на можностите за делегирање на надлежности според одлуките на советот на НВО секторот
2. Информирање на граѓаните за заедничките активности помеѓу Општината и НВО секторот
3. Воспоставување на механизам за вмрежување на НВО секторот и Општината со други општини и збратимените градови
4. Предвидување на средства за поддршка на НВО секторот по примерот на други општини во Македонија
5. Практикување на граѓанска столица во рамките на советот на Општината
6. Организација на настани за презентација на сите субјекти кои делуваат во Општина Ѓорче Петров со цел запознавање на истите и услугите кои ги нудат на граѓаните.
7. Воведување на информативен ден за НВО во советот и општинската администрација

**2. Подготовка на програма за соработка со НВО секторот во Општината**

1. Утврдување на стратешки јасно дефинирани партнерства помеѓу НВО секторот и Општината

2. Воспоставување на соработка за заедничко делување на НВО и ЛС за одредени проблеми на граѓаните поради добриот имиџ на НВО
3. Вклучување на информации за работата на НВО во гласилата на Општината
4. Подобрување на соработката помеѓу НВО секторот и Општината во делот на образованието и едукацијата
5. Вмрежување на НВО секторот за подобра соработка во Општината
6. Промоција и практикување на волонтеризмот во Општината и НВО секторот со цел да се обезбедат податоци за НВО секторот и негово делување, проекти и активности на НВО секторот .

**3. Олеснување на соработката помеѓу НВО, Бизнис секторот и Општината**

1. Подобрување на соработката помеѓу НВО, општините и бизнис заедницата

# IX. Информирање и медиуми

## Генерални карактеристики:

На територијата на Општина Ѓорче Петров нема пишани, аудио и видео медиуми кои се регистрирани и ја вршат својата дејност во Општината.

Најважен медиум претставува web-страницата на Општината која најчесто известува за активностите на општинската администрација. Општината има одделение за односи со јавноста кое активно работи на редовно доставување на информации од секојденавата работа на Општината во сите медиуми, преку состаноци и одржување на прес конференции како и обезбедување на учество на градоначалникот на емисии во живо на националните телевизиски станици.

Територијата на целата Општината има добар радио-телевизиски прием вклучувајќи го и присуството на кабелските оператори како и инетрнет операторите. Единствено постои нецелосно покривање со интернет во руралните делови на Општината каде се јавува и недостиг од дневно доставување на пишаните медиуми и дневни весници.

На територијата на Општината досега се регистрирани вкупно 26.634 корисници на интернет или 6.759 интернет приклучоци по домаќинство.

## Анализа, стратешки цели и приоритети:

Комисијата за медиуми и информации успеа да ги утврди следните карактеристики кои ја отсликуваат состојабата со медиумите и информирањето во рамките на Општина Ѓорче Петров:

| Јаки Страни | Слаби страни |
|---|---|
| 1. Добар кадар во делот за информирање на граѓаните<br>2. Навремено информирање со кратки информации во дневните весници<br>3. Секојдневен контакт на лицето за односи со јавност со медиумите<br>4. Анимирање и информирање на населението за настани од различен карактер<br>5. Лични контакти со населението за собирање на информации од теренот<br>6. Организирање на прес средби за настани од секаков карактер во Општината<br>7. Подготовка и реализација на | 17. Нема фотограф во Општината<br>18. Општината нема видео камера<br>19. Нема доволно финансиски средства за изработка на промотивни материјали во Општината<br>20. Одделението за информирање има само едно лице и недостига новинар<br>21. Нема месечен информативен весник во Општината<br>22. Општината не е застапена на социјалните информативни мрежи<br>23. Веб страната служи само за доставување на информации од административна природа<br>24. Недостигаат популарни форми за комуницирање помеѓу граѓаните и |

| | |
|---|---|
| информативни материјали со содржини за работата на Општината<br>- Аудио<br>- Флаери<br>- Промотивни материјали<br>- Монографија<br>8. Емисија готова за Општина Ѓорче Петров<br>9. Одделение за информирање во Општината<br>10. Присуство на градоначалникот на сите национални телевизии<br>11. Активна веб страница<br>12. Издавање на годишник за отчет за мината година кој се дистрибуира до месните и урбани заедници , поликлиниката, на пазарите во институциите амабасадите и се објавува на веб стараната<br>13. Редовно издавање на службен гласник на Општината<br>14. Добра соработка со радио Скопје и Радио Роса<br>15. Општината има соодветен веб хостинг<br>16. Васко Марковски располага со информации значајни за Општината | Општината<br>25. Веб страницата не содржи доволно информации за потенцијалите на Општината<br>26. Во Општината недостигаат фотографии соодветни на настаните и другите аспекти во Општината<br>27. Недостига е -сервисот за граѓаните<br>28. Нема канцеларија за информирање на граѓаните<br>29. Не постојат доволно информации за настаните и случувањата во Општината како и информации кои се однесуваат на културните карактеристики на Општината<br>30. Не постои утврден систем за повратно прибирање на податоци и споделување на информациите |
| **Можности** | **Закани** |
| 1. Сите медиуми имаат новинари задолжени за информирање на состојабата во општините<br>2. Стопански субјекти кои работат во Општината<br>3. Апликации за веб страна во ЗЕЛС<br>4. ЗЕЛС нуди тренинг програми за информирање<br>5. Законска можност за формирање на медиуми<br>6. Финансиски можности за проекти за зголемување на транспарентноста на Општината<br>7. Близина до дирекции на сите медиуми | 1. Медиумите не се многу заинтересирани за Општина Ѓорче Петров<br>2. Весниците се затвараат во 14h<br>3. Не е доволна дистрибуцијата на пишаните медиуми во Општината<br>4. Нема доволна покриеност со интернет на целата територија на Ѓорче Петров<br>5. Не се добиваат доволно информации од ЗЕЛС |

| | |
|---|---|
| 8. Постоење на ПР агенции кои можат да го покријат информирањето<br>9. Закон за ЈПП<br>10. Збратимени градови<br>11. Call- центри | |

Комисијата за Медиумии информирање ги дефинира следните **Стратешки цели**

1. Воспоставување на контакти со сите новинари од сите редакции задолжени за Ѓорче Петров
2. Формирање на листа на новинари кои потекнуваат од Ѓорче Петров кои можат да помогнат во состојбата со медиумите и информирањето
3. Воспоставување на ЈПП за дистрибуција на информации
4. Формулирање на стратегија за комуникации во Општината
5. Воспоставување на систем за редовно информирање на граѓаните
6. Продолжувањена праксата за редовно подготвување и дистрибуција на промотивни материјали со добар квалитет и нивна евалуација
7. Користење на искуствата од збратимените градови по однос на комуникациите
8. Воспоставување на соработка со ЗЕЛС во однос на подобрување на комуникациските канали
9. Проширување и развој на постојната веб страница
10. Подобрување на содржината и дистрибуцијата на годишникот
11. Вклучување на сите субјекти чии услуги ги користат граѓаните во информативните гласила
12. Воспоставување на соработка со медиумите ( пишани) и со интернет провајдерите за подобрување на достапноста на истите во Општинатат, посебно во руралните средини
13. Доекипирање/ доопремување на одделението за односи со јавноста
14. Воведување на квартален/ месечен весник со различни содржини во Општината
15. Публикување на месечникот на веб страницата на Општината
16. Воспоставување соработка со општини кои имаат добри искуства со комуникациите ( Битола, Прилеп, Ресен)
17. Проширување на ИТ одделението во Општината
18. Обезбедување на механизам за добивање на проекти за подобрување на покриеноста со информациии присуството на медиуми во Општината**.**

| Ред.бр | СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ | Приоритет. бр |
|---|---|---|
| 1 | Унапредување на соработката со медиумите | 2 |
| 2 | Унапредување на соработката со општините, градот Скопје и ЗЕЛС за подобрување на каналите на комуникација | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Воведување на нови механизми и инструменти за подобрување на комуникациите во Општината | 1 |

Комисијата ги распредели утврдените стратешки цели и стратешки приоритети според важноста по следниот редослед:

1. **Воведување на нови механизми инструменти за подобрување на комуникациите во Општината**

- Формулирање на стратегија за комуникации во Општината
- Воспоставување на систем за редовно информирање на граѓаните
- Продолжувањена праксата за редовно подготвување и дистрибуција на промотивни материјали со добар квалитет и нивна евалуација
- Проширување и развој на постојната веб страница
- Подобрување на содржината и дистрибуцијата на годишникот
- Вклучување на сите субјекти чии услуги ги користат граѓаните во информативните гласила
- Воведување на квартален/ месечен весник со различни содржини во Општината
- Публикување на месечникот на веб страницата на Општината
- Воспоставување на соработка со медиумите ( пишани) и со интернет провајдерите за подобрување на достапноста на истите во Општината посебно во руралните средини

2. **Унапредување на соработката со медиумите**

- Воспоставување на контакти со сите новинари од сите редакции задолжени за Ѓорче Петров
- Формирање на листа на новинари кои потекнуваат од Ѓорче Петров кои можат да помогнат во состојбата со медиумите и информирањето
- Воспоставување на ЈПП за дистрибуција на информации

3. **Унапредување на соработката со општините градот Скопје и ЗЕЛС за подобрување на каналите на комуникација**

- Користење на искуствата од збратимените градови по однос на комуникациите
- Воспоставување на соработка со ЗЕЛС во однос на подобрување на комуникациските канали
- Воспоставување соработка со општини кои имаат добри искуства со комуникациите ( Битола, Прилеп, Ресен)

# X. Здравствена Заштита

## Генерални карактеристики :

На тероторијата на Општината според податоците од централен регистар постојат 93 здравствени субјекти од кои 92 се регистрирани како приватни здравствени установи, а додека еден е субјект е запишан како јавна здравствена установа а тоа е Геронтолошкиот завод 13$^{ти}$ Ноември.



Поликлиниката здравствен дом иако постои на територијата на Општината е под здравстениот дом кој е регистриран во Општината Карпош. Во рамките на Општината достапни се услуги за граѓаните, како од општа пракса, така и специјалистички услуги од јавен и приватен карактер. Во Општината постојат поголеми здравствени приватни центри.

## Анализа, стратешки цели и приоритети:

Имајќи ги во предвид надлежностите на Општината во рамките на здравствената заштита како и планираниот процес на децентрализација и идните обврски во овој домен, членовите на комисијата ја констатираа следната состојба во здравствената заштита на територијата на Општина Ѓорче Петров:

| Јаки Страни | Слаби страни |
|---|---|
| 4. Постои поликлиника на територијата на Општина Ѓорче Петров<br>5. Добра соработка помеѓу здравствениот дом и градинката<br>6. Редовни систематски прегледи на учениците во основните училишта<br>4. Редовна вакцинација на населението<br>5. Добра соработка на основните училишта и градинките со здравствениот дом и стоматолошките организации<br>6. Подготвен  и спроведување на акционен план за злоупотреба и превенција од злоупотреба на дроги во соработка со Град Скопје | 1. Тешко се спроведува hpv вакцинацијата на територијата на Општината<br>2. Во поликлиниката недостигаат апарати мамограф, екг апарат, ехо, очна ординација, орл ординација, кожна ординација, кабинет за дијабет.<br>3. Граѓаните не се доволно информирани за сите услуги кои можат да ги добијат од јавните здравствени установи во Општината<br>4. Нема брза помош на територијата на Општината<br>5. Домашните посети не работат во викенди<br>6. Недостига кадар во геронтолошкиот завод |

| | |
|---|---|
| 7. Поликлиниката е отворен партнер при едукација вакцинации и други активности во соработка со Општината училиштате и дестката градинка<br>8. Невладините организации се активни за обезбедување на здравствена заштита на социјално исклучените групи<br>9. Организаирње на крводарителски акции<br>10. На територијата на Општината постои здравствената установа геронтолошки завод ″13ти Ноември″ кој со своите сертификати ИСО 011200 ги нуди следните услуги<br>- Неуролошко психијатриска амбуланта<br>- Доплер<br>- Физикална терапија<br>- Кожен леакр<br>- Психолог<br>- Лабораторија за испитувања на патофиза<br>- Ехо Кабинет<br>- Домашни посети за терминални пациенти<br>- Дневната болница може да се користи за први и контролни прегледи на возрасни лица од Општината<br>11. Постојат две приватни болници Специјализирана Гинеколошко Акушерска Болница ″Св Лазар″ и ″Европска Очна Болниц″а<br>12. На територијата на Општината се регистрирани и 92 ПЗО стоматолошки општи амбуланти и гинеколошки ординации<br>13. Добар стручен кадар од Општината<br>14. Постојат 24 часовни дежурства за возрасни од поликлиниката<br>15. Добра соработка со сите општини на територијата на градот Скопје<br>16. Постои одделение на Сју Рајдер за | 7. Поликлиниката не е самостојна туку е во надлежност на ЗД Букурешт<br>8. ЈЗО″13ти Ноември″ нема доволен капацитет<br>9. Нема доволен број на персонал во амбулантите<br>10. Недостигаат доктори како кадар во поликлиниката и амбулантата Горче Петров<br>11. Во ЈЗО″13ти Ноември″ често се соочуваат со поплавувања заради недобро спроведена канализација, исклучување на водата<br>12. Нема доволно информативни материјали за важноста на имунизацијата<br>13. Не постои здравствена едукација и култура<br>14. Нема соработка меѓу ПЗО и ЈЗО |

| | |
|---|---|
| лекување на болни од карцином<br>17. Постојат добри услови за работа во здравствените установи | |
| **Можности** | **Закани** |
| 1. Закон за волонтерство<br>2. Постоење на едукативни материјали од Министерството за здравство<br>3. Фондови за подобрување на здравствената заштита<br>4. Невладини организации од областа на здравствената заштита<br>5. Министертсво за здравство и комуникацијата со градиниките и училиштата<br>6. Симпозиуми и конференции за унапредување на здравствената заштита | 1. Недоволно финансиски средства за здравствена заштита<br>2. Министерството за здравство нема капацитет за комуникација со сите општини<br>3. Не постои механизам за соработка со другите општини во делот на здравствената заштита<br>4. Не постои доволен број за едукација на медицинските лица<br>5. Лимитиран дел на одговорности на директорите во здравствените организации- закон за јавни службеници |

Комисијата за здравствена заштита ги утврди следните **Стратешки цели** кои може да се спроведат во рамките на ингеренциите на Општината со цел да се подобри здравјето и здравствената заштита на населението на територијата на Општина Ѓорче Петров:

1. Подобрување на комуникацијата помеѓу градинките и министерството за здравство

2. Овозможување за отстапување на дел од просториите во основните училишта за воведување на превентивна и куративна стоматолошка здравствена заштита

3. Обезбедување на континуитет во едукацијата за превенција за злоупотреба на дрога

4. Воспоставување на соработката меѓу НВО и СО за подобрување на состојбата на населението

5. Спроведување на заеднички активности помеѓу Општината и здравствените организации за унапредување на здравствената заштита во Општината

6. Организирање на средби и овозможување на соработка помеѓу приватните и јавните здравствени установи во Општината со цел информирање на граѓаните за стручниот потенцијал и услугите кои се нудат на територијата на Општината.

7. Подготовка на програми и проекти за унапредување на здравствената заштита во Општината

8. Продлабочување на соработката со други општини за подобрување на здравствената заштита
9. Користење на сите фондови кои стојат на располагање во партнерства за подобрување на здравствената заштита
10. Воспоставување на соработка со градот Скопје во делот на здравствена заштита
11. Воспоставување на соработка со месните заедници во руралните средини за утврдување на квалитетот на услуги кои ги добиваат и функционирањето на услугите на брза помош
12. Назначување на лице од постојната администрација кое ќе работи на прашањата поврзани со здравствената заштита
13. Организирање на заеднички активности за едукација на учениците и населението за подобрување на здравствената заштита за различни видови на вакцинации и прегледи
14. Соработка со НВО секторот и ПЗО и ЈЗО за услугите кои може да се добијат во Општината
15. Утврдување на заедничко барање на Општината со поликлиниката за нејзино опремување.
16. Искористување на меѓународните фондови за подобрување на техничките капацитети на поликлиниката
17. Ангажирање на волонтери за задоволување на потребите во здравството
18. Воспоставување на соработка со ЈКП Водовод и Канализација за проблемите во здравствените организации.

Во согласнот со стратешките цели беа утврдени следните приоритети на кои треба да се спроведат активности со цел подобрување на здравстевната заштита во Општината:

| Ред.бр | СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ | Приоритет. бр |
|---|---|---|
| 1 | Зголемување на општинските активности за подобрување на здравствената заштита во рамките на нејзините можности | **2** |
| 2 | Воспоставување на локална соработка помеѓу ЈЗО, ПЗО, НВО и Општината | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Воспоставување на соработка на Општината со институциите од областа на здравствената заштита и градот Скопје | **4** |
| 4. | Помагање при организација на промотивни  и информативни активности за здравствена заштита | **1** |

**Стратешки цели и приоритети според важноста**

1. **Помагање при организација на промотивни  и информативни активности за здравствена заштита**

    - Организирање на заеднички активности за едукација на учениците и населението за подобрување на здравствената заштита за различни видови на вакцинации и прегледи

    - Ангажирање на волонтери за задоволување на потребите во здравството

    - Обезбедување на континуитет во едукацијата за превенција за злоупотреба на дрога

2. **Зголемување на општинските активности за подобрување на здравствената заштита во рамките на нејзините можности**

    - Воспоставување на соработка со ЈКП Водовод и Канализација за проблемите во здравствените организации.

    - Подобрување на комуникацијата помеѓу градинките и министерството за здравство

    - Овозможување за отстапување на дел од просториите во основните училишта за воведување на превентивна и куративна стоматолошка здравствена заштита

    - Спроведување на заеднички активности помеѓу Општината и здравствените организации за унапредување на здравствената заштита во Општината

    - Утврдување на заедничко барање на Општината со поликлиниката за нејзино  опремување.

    - Организирање на средби и овозможување на соработка помеѓу приватните и јавните здравствени установи во Општината со цел информирање на граѓаните за стручниот потенцијал и услугите кои се нудат на територијата на Општината.

- Продлабочување на соработката со други општини за подобрување на здравствената заштита
- Воспоставување ена соработка со месните заедници во руралните средини за утврдување на квалитетот на услуги кои ги добиваат и функционирањето на услугите на брза помош
- Назначување на лице од постојната администрација кое ќе работи на прашањата поврзани со здравствената заштита

3. **Воспоставување на локална соработка помеѓу ЈЗО, ПЗО, НВО и Општината**

- Соработка со НВО секторот и ПЗО и ЈЗО за услугите кои може да се добијат во Општината
- Воспоставување на соработката меѓу НВО и СО за подобрување на состојбата на населението
- Подготовка на програми и проекти за унапредување на здравствената заштита во Општината

4. **Воспоставување на соработка на Општината со институциите од областа на здравствената заштита и градот Скопје**

- Воспоставување ена соработка со градот Скопје околу здравствена заштита
- Искористување на меѓународните фондови за подобрување на техничките капацитети на поликлиниката
- Користење на сите фондови кои стојат на располагање во партнерства за подобрување на здравствената заштита
- Продлабочување на соработката со други општини за подобрување на здравствената заштита

# XI. Образование и Спорт

## Генерални карактеристики

***Образование***

Во рамките на Општина Ѓорче Петров постојат 6 основни училишта кои се под надлежност на Општината  и тоа се: ОУ Мирче Ацев, ОУ Страшо Пинџур, ОУ Димитар Поп Георгиев Беровски, ОУ Тихомир Милошевски, ОУ Јоаким Крчовски, ОУ Ѓорче Петров.

| Учебна година 2010/2011 | | |
|---|---|---|
| **вкупно** | **ученички** | **ученици** |
| 7 443 | 3 624 | 3 819 |

Вкупен број на ученици во учебната 2010/2011 година во Општина Ѓорче Петров[8]



Капацитетите на сите училишта се задоволувачки за да ги прифатат сите ученици од Општината. Општина Ѓорче Петров подготви и план за реонизација со што би се обезбедило успешно одвивање на наставата во училиштата. Генералната состојба во основните училишта во изминатите години е подобрена. Сите училишта располагаат со кадар кој е квалификуван. Училиштата спремаат годишни програми и планови кои се интегрираат во годишиот план за образование и спорт на Општина Ѓорче Петров.

Во рамките на училиштата работи наставен кадар кој е стручен и квалитетен

| Учебна година 2010/2011 | | |
|---|---|---|
| **вкупно** | **жени** | **мажи** |
| 473 | 379 | 94 |

Наставен кадар во Општина Ѓорче Петров[9]

Во рамките на Општината функционира и Детската Градинка ″Росица″ која има три објекти. Матичниот објект има капацитет од 160 деца, вториот објект ″Детелинка″ има капацитет од 180 деца, додека објектот ″Кокиче″ е со капацитет од 105 деца. Примарна дејност е згрижување, воспитание и образование на предучилишните деца со исхрана, здравствена заштита, забава, игра и воспитна работа како и нивна подготовка преед поаѓање на училиште.

[8] Извор:   Државен Завод за статистика,  Ученици во основни училишта, по општини
[9] Извор:   Државен Завод за статистика,  Наставници во основни училишта, по општини

| Година 2009 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Деца | | | Вработени | | |
| Вкупно | Женски | Машки | Вкупно | Женски | Машки |
| 532 | 246 | 286 | 89 | 82 | 7 |

Состојба во градиниките од 2009 година[10]

На територијата на Општината е изграден објект на детска градинка во уз Даме Груев, но истиот сеуште не е во функција.

***Спорт***



Спортот во Општината има долга традиција која денес се потврдува со голем број на активни граѓани кои се вљубеници во спортот. Во Ѓорче Петров денес постојат неколку спортски клубови и тоа:

- Фудбалскиот Клуб *"Македонија"* кој бележи голем број успеси и пласмани на меѓународни купови.
- Ракометниот клуб *"Ѓорче Петров"* како еден од најдобрите клубови во историјата на Република Македонија
- Друштвото за телесно воспитување *"Партизан"*
- Кајакарскиот Клуб на диви Води *"Ластовица"*
- Спелеолоѓкото Друштво *"Пеони"*
- Клубот за коњички трки *"Три стар"*
- Клубовите *"Букефал"* и *"ЕлКаБон"* за коњички спорт
- Картинг клубот *"Волково"*
- Ловечко друштво *"Жеден"*

На територијата на Општината има спортски терени и игралишта. Најголем спортски објект е стадионот ″Македонија″ кој е наменет за фудбалски и атлетски натпревари. Капацитетот е 3000 гледачи. Спортско-рекреативниот центар ″Бранители″ во мз Волково е на површина од 1500м2 и има игралишта за кошарка, ракомет и детски рекреативен простор.

[10] Извор: Државен завод за статистика, Деца и вработени во јавни установи за згрижување и воспитание на деца – детски градинки



Изградени се  три нови спортски сали и тениски игралишта.

**Анализа, стратешки цели и приоритети**

| Јаки Страни | Слаби страни |
|---|---|
| 1. Постојат шест основни училишта и едно подрачно училиште<br>2. Постоење на едно средно училиште<br>3. Добра соработка на основните училишта со Општината<br>4. Воспоставена реонизација на училиштата во Општината<br>5. Сите училишта имаат нови санитарни јазли<br>6. Сите основни училишта имаат нови прозори и врати<br>7. Готова техничка документација за сите Основни Училишта<br>8. Добро организиран превоз до училиштата<br>9. Вработен дефектолог во Општината<br>10. Добра соработка со владини и невладини организации за унапредување на образованието<br>11. НВО Ден до вас работи на до-едукација на деца Роми<br>12. Постои една градинка со 3 клона<br>13. Две нови спортски сали<br>14. Две нови тениски игралишта<br>15. Две нови фудбалски игралишта<br>16. Санирани терени во училиштата<br>17. Континуирано обезбедување и задржување на кадарот во образованието | 1. Недостаток од сектор за образование во општинската администрација<br>2. Дотраени азбестни кровови во основните училишта<br>3. Дворните асфалтирани површини во училиштата се дотраени<br>4. Оградите на училишните дворови се дотраени  ( во кои училишта) или ги нема ( во кои ги нема)<br>5. Системите за греење во основните училишта се застарени<br>6. Ограниченост со простор за изведување на кабинетска настава<br>7. Непристапност/неадаптираност на училиштата и тоалетите за хендикепирани лица<br>8. Недоволен број на нагледни средства<br>9. Ограничени финансиски средства за финансирање на образованието во Општината<br>10. Недоволен број на стручни тимови ( психолог, педагог, дефектолог, социјален работник) во училиштата<br>11. Непостоење на невладина организација која работи за образованието во Општината<br>12. Мал капацитет на градинките-недостаток за места за згрижување |

| | |
|---|---|
| 18. Пораст на бројот на учениците<br>19. Добра соработка помеѓу училиштата<br>20. Постојан видео надзор и обезбедување на основните училишта вклучувајќи и ноќни чувари<br>21. Подобрени хигиенски услови<br>22. Добри услови за работа во основните училишта во однос на опрема и нагледни средства<br>23. Изградба на рекреативна патека<br>24. Долга традиција за спорт во Општината<br>25. Новоизградена фискултурна сала во О.У Тихомир Милошевски<br>26. Општината има правилник за наградување на успешни наставници, ученици и менаџери на ОУ<br>27. Постоење на спортски клубови во Општината (кајакарски, фудбалски, ракометен, коњички,карате)<br>28. Обуки за наставници<br>29. Постоење на приватни училишта за спорт и странски јазици<br>30. Формирано здружение за училишен спорт и организирање натпревари<br>31. Постоење на голем број спортски манифестации во Општината<br>- Традиционален крос<br>- Отворени забавни фудбалски училишта<br>- Спортски ден на Општината<br>- Турнири<br>- Традиционални селски спортски народни игри | на 200 деца<br>13. Лоша инфраструктурна состојба на градинките<br>14. Неискористеност на просториите во ОУ Димитар Беровски за предучилишно воспитание<br>15. Недостаток од технички персонал во училиштате<br>16. Немање дневни чувари/ потири во училиштата<br>17. Недоволно ресурси за работа со деца со посебни потреби<br>18. Ограничен простор во ОУ Тихомир Милошевски<br>19. Непостоење на организиран превоз за учениците од уз Хром до ОУ Беровски<br>20. Нема приватни основни училишта<br>21. Не постои конференциска сала во Општината<br>22. Непостоење на едукативен центар во Општината<br>23. Неискористени надворешни доводи за техничка вода<br>24. Недостаток од општинска стратегија за развој на образованието и спортот<br>25. Ограничени финансиски средства за поддршка на спортот<br>26. Непостоење на образование за возрасни на територијата на Општината<br>27. Дотраени фискултурни сали во училиштата<br>28. Нема промоција за добрите услови во основните училишта меѓу родителите во Општината<br>29. О.У Јоаким Крчовски нема фискултурна сала<br>30. Постојните спортски сали во училиштата немаат спортски реквизити<br>31. Недоволна физичка активност на учениците од прво до петто одделение поради немање услови<br>32. Непостоење на трим патека<br>33. Нема базен |

| | |
|---|---|
| | 34. Во Општината има неписмени лица<br>35. Не се користи близината на спортските објекти во соседната Општината Сарај<br>36. Недоволна промоција на спортските клубови од Општината |
| **Можности** | **Закани** |
| 1. Приватните компании се отворени за соработка со основните училишта<br>2. Голем број на програми од донаторски институции за основно образование<br>3. Пред пристапна помош од Европската Унија<br>4. Фондови од Европската Унија наменети за образование<br>5. Агенција за образование и мобилност<br>6. Законска можност за вработување на стручни тимови во основните училишта<br>7. Стратешки документи и закон за поддршка на вклучувањето на сите деца во образовните процеси<br>8. УНИЦЕФ концептот за развој на принципите на вклучување на лицата со посебни потреби во образовниот процес<br>9. Финансиските средства за образование се добиваат како блок дотации<br>10. Фонд за капитални инвестиции на Министерството за образование<br>11. Агенција за млади и спорт и нивните програми<br>12. Бизнис секторот со одделите за корпоративна општествена одговорност | 1. Лоши канали за комуникација од Министерство за Образование<br>-лоша ИТ мрежа<br>- ненавремено информирање од страна на Министерството за образование<br>- непристапност на кадарот од Министерството за образование по реони недоволна екипираност<br>2. Централизирано решавање за износот на дотациите за образование<br>3. Комуникација со ЗЕЛС на темата образование<br>4. Соработка со Бирото за образование<br>- Лоша ИТ мрежа<br>- Проток на информации<br>5. Комуникација со Агенција за Млади и спорт<br>6. Комуникација со градот Скопје во надлежностите од спортот<br>7. Лоша комуникација помеѓу Бирото за Образование и министерството за Образование<br>8. Не присутност на советници во наставата<br>9. Активностите на Министерството за Труд и социјална политика за технички прием на градинката во Даме Груев<br>10. Непостоење на сектор за инклузивно образование во министерството за Образование |

Тимот за изработка на стратегијата ги дефинира следните **Стратешки цели:**

1. Искористување на обврските на компаниите поврзани со корпоративната општествена одговорност за финансирање на образованието и спортот

2. Воспоставување на организирана соработка и координација меѓу Општината и бизнис секторот за помагање на образованието
3. Вработување на персонал за одржување и функционирање на спортските сали
4. Зголемување на бројот на техничкиот персонал во училиштата
5. Зголемување на бројот на дефектолози во училиштата според потребите
6. Континуирана подготовка на проекти за аплицирање во фондовите кои стојат на располагање за развој на образованието
7. Организирање на промотивни активности за спортот во Општината
8. Подготовка на стратегија за развој на спортот
9. Подготовка на стратегија за вклучување на социјално исклучени групи во образованието и спортот
10. Воспоставување на сектор за образование и спорт во рамките на општинската администрација
11. Искористување на можностите од фондовите и програмите на владата и ЕУ за промена на азбестните кровови во училиштата
12. Обезбедување на средства за решавање на инфраструктурните проблеми во училиштата и градинките од:
    - Фондот за капитални инвестиции
    - Донатори
    - ИПА и други ЕУ фондови
13. Континуирана комуникација со Министерството за образование за до-екипирање на кадарот во училиштата
14. Искористување на слободниот простор во училиштата за сместување на клоновите од градинките
15. Подобрување на само промовирањето во училиштата
16. Воспоставување на соработка со Министерството за Образование и ЗЕЛС за законската регулатива поврзана со реонизацијата на училиштата
17. Отворање на едукативен центар во Општината
18. Обезбедување на поддршка на образованието за возрасни
19. Ископ на бунари за користење на техничка вода за дворовите и спортските терени
20. Воспоставување соработка со Министерството за Образование и факултетот за физичка култура за зголемување на физичката активност на децата од прво до петто одделение
21. Соработка со Бирото за образование за поголем надзор на образовниот процес.

Врз основа на стратешките цели се дефинира следните **Стратешки Приоритети**

| Ред.бр | СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ | Приоритет. бр |
|---|---|---|
| 1 | Воспоставување на стратешки документи од областа на образованието и спортот | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Воспоставување на соработка помеѓу Основните училишта, Градинката, Општината со бизнис секторот за подобрување на образованието и спортот во Општината | 4 |
| 3. | Зголемување на бројот на вработувања во образованието и спортот | 1 |
| 4 | Промоција на образованието и спортот во Општина Ѓорче Петров | 5 |
| 5. | Зајакнување на комуникацијата со институциите надлежни во образованието и спортот | 3 |
| 6. | Подготовка на програми и проекти за искористување на фондовите кои стојат на располагање за подобрување на образованието и спортот | 2 |

Конечната листа на стратешки приоритети и стратешки цели за областа образование и спорт е следната:

**Стратешки цели и приоритети според важноста**

1. **Зголемување на бројот на вработувања во образованието и спортот**

- Зголемување на бројот на техничкиот персонал во училиштата
- Зголемување на бројот на дефектолози во училиштата според потребите
- Вработување на персонал за одржување и функционирање на спортските сали

2. **Подготовка на програми и проекти за искористување на фондовите кои стојат на располагање за подобрување на образованието и спортот**
   - Искористување на можностите од фондовите и програмите на владата и ЕУ за промена на азбесните кровови во училиштата
   - Континуирана подготовка на проекти
   - Обезбедување на средства за останатите инфраструктури проблеми во училиштата и градинките од: Фондот за капитални инвестиции, Донатори, ИПА и други ЕУ фондови
   - Ископ на бунари за користење на техничка вода за дворовите и спортските терени

3. **Зајакнување на комуникацијата со институциите надлежни во образованието и спортот**

- Континуирана комуникација со Министерството за образование за до екипирање на кадарот во училиштата
- Воспоставување соработка со Министерството за Образование и факултетот за физичка култура за зголемување на физичката активност на децата од прво до петто одделение
- Соработка со Бирото за образование за поголем надзор на образовниот процес.
- Воспоставување на соработка со Министерството за Образование и ЗЕЛС за законската регулатива поврзана со реонизацијата на училиштата

**4. Воспоставување на соработка помеѓу Основните училишта, Градинката, Општината со бизнис секторот за подобрување на образованието и спортот во Општината**

- Искористување на обврските на компаниите поврзани со корпоративната општествена одговорност за финансирање на образованието и спортот
- Воспоставување на организирана соработка координација меѓу Општината и бизнис секторот за помагање на образованието
- Искористување на слободниот простор во училиштата за сместување на клоновите од градинките
- Обезбедување на поддршка на образованието за возрасни
- Отворање на едукативен центар во Општината

**5. Промоција на образованието и спортот во Општина Ѓорче Петров**

- Организирање на поемотивни активности за спортот во Општината
- Подобрување на само промовирањето во училиштата

**6. Воспоставување на стратешки документи од обласста на образованието и спортот**

- Подготовка на стратегија за развој на спортот
- Подготовка на стратегија за вклучување на социјално исклучени групи во образованието и спортот

# XII. Култура и Културно наследство

**Генерални карактеристики**

Културата во Општината се манифестира преку организација на голем број културни настани како и присуството на еминентни естрадни уметници кои потекнуваат од Општината.
Денес во Општината се негуваат традиционалните фолклорни игри преку работата на КУД ″Глигор Прличев″ кој повеќе од 60 години ја презентира Општината како на домашни така и на меѓународни манифестации.
Во Општината актино работи и библиотеката ″Браќа Миладиновци″ која располага со богат книжен фонд и стручна литература.



Културното наследство е богато и тоа го докажува постоењето на некрополата од железно време Дубиче кај село Орман. Таа е од периодот на седмиот и шестиот век пред нашата ера. Археолошките предмети и наоди од оваа некропола се сместени во Музејот на Македонија. Археолошкиот локалитет "Голем Кула" пронајден во атарот на с. Кучково претставува тврдина која била подигната на преминот од IV - III век пред нашата ера.
На територијата се најдени голем број археолошки наоѓалишта кои укажуваат на жива цивилизациска присутност од римскиот период. Таков е археолошкиот локалитет "Црквиште"-наод од римски период кој случајно е откриен во 1958год. со откопување на мермерен споменик со двојазичен натпис (на грчки и латински). Потоа локалитетот "Латински гробови"-населба од римски период откриена во с.Ново Село. Друг таков

археолошки локалитет е некрополата "Ливада" во атарот на село Орман, како и локалитетот "Уши" - населба од римскиот период.




На потегот меѓу с.Орман и Чучер Сандево се наоѓа старата кула наречена "Давина" која потекнува од III в.н.е. "Давина кула" е вистински антички град во кој се пронајдени две ранохристијански цркви, базилика и плочи на римскиот бог Јупитер и божицата Јунона. Покрај Храмот Св.40 маченици во севастија ( младенци ) во с.Орман е откриена доцноантичка гробница со свод која потекнува од V век.





Сите населби во рамките на Општината имаат своја богата историја, исполнета со приказни и легенди кои ги одсликуваат имињата на населбите. Археолошкиот локалитет Девојачки Камен е поврзан со легенди за доилките и девојките кои се собирале тука.

Овие фактори влијаеле на развојот на културата во сите делови на Општината. Голем бој на објекти ја рефлектираат оваа состојба како што се селските чешми, и селските цркви и манастири. Еден ос најзначајните културни белези на Општината е манастирот Св Ѓорѓи победоносец во село Кучково кој е изграден ов 1346 година. Во Кучково постојат и црквите Св. Спас вознесение христово која датира од XVII и VIII век, Манастирот св. Великомаченик Трифун од XIX век, како и црквата Св Петка, Св. Трифун.

## Анализа, стратешки цели и приоритети

| Јаки Страни | Слаби страни |
|---|---|
| 1. Постоење на Културно Уметничко Друштво "Глигор Прличев"<br>2. Библиотека "Браќа Миладиновци"<br>3. Организација на културни настани<br>- Ден на Општината | 1. Нема одговорно лице за култура во Општината<br>2. Непостоење на соодветна сала за спроведување на културни активности<br>3. Недостаток од карта за културни |

| | |
|---|---|
| - Културно лето<br>- Ден на крстот во рамките на кој се организира ликовна колонија, селски игри<br>- Априлијада<br>4. Манастирски комплекс св. Ѓоргија во село Кучково<br>5. Голем број на Цркви и Манастири во Општината<br>6. Голем број на етаблирани уметници и естрадни уметници кои потекнуваат од Општината<br>7. Објавување на настаните во општинскиот весник еднаш годишно<br>8. Промовирање на културата со збратимените општини Красна Пољана, Кушадаси, Осечина<br>9. Издадена монографија за Ѓорче Петров<br>10. План за изградба на споменици во Општината<br>11. Возот Пампурче како симбол во Општината<br>12. Опремена кино сала во ОУ Ѓорче Петров | споменици и археолошки наоѓалишта<br>4. Културното Уметничкото Друштво нема сопствени простории<br>5. Во Општината нема активен дом на културата<br>6. Не постои попис на културното и архитектонско наследство<br>7. Локалитетите и знаменитостите во Општината не соодветно обележани<br>8. Нема соодветна промоција за настаните кои се случуваат во Општината<br>9. Недостига промоција на културните знаменитости во Општината<br>10. Нема доволно финансиски средства за финансирање на активности од културата<br>11. Нема месечен весник за култура во Општината<br>12. Незадоволителна комуникација со институциите задолжени за заштита и промоција на културното наследство |
| **Можности** | **Закани** |
| 1. Закон за заштита на културното наследство<br>2. Стратегија за развој на туризмот на Град Скопје каде се наведени можностите за искористување на потенцијалите од културното и архитектонско наследство<br>3. Фондови кои ги распределува Министерството за култура<br>4. Голем број на саеми и конференции на кои може да се промовира културното наследство како и да се промовира културата<br>5. Соработката со збратимените општини | 1. Недоволна комуникација од Министерството за култура<br>2. Недоволна комуникација со Град Скопје<br>3. Недоволна комуникација со министерство за економија<br>4. Опасност од несоодветен третман на недвижното културно наследство и негово оштетување и/или трајно губење<br>5. Недостиг од човечки ресурси во општината за истражување, контрола и оцена на состојбата со движното и недвижно културно наследство. |

| | |
|---|---|
| 6. Стратегија за развој на Скопскиот плански регион<br>7. Предпристапните фондови од Европска Унија<br>8. Фондови за развој на културата во Европска Унија<br>9. УНЕСКО фондови за развој на културата<br>10. Медиуми<br>11. Невладин сектор расположен за соработка | |

Тимот за изработка на стратегијата ги дефинира следните **Стратешки цели:**

1. Изработка на стратегија за развој на културата во општина Ѓорче Петров
2. Обезбедување на простор за КУД Глигор Прличев
3. Продолжување на поддршката на КУД Глигор Прличев од страна на Општината за учество на манифестации
4. Искористување на фондовите за развој на културните активности во Општината
5. Мапирање на културното и архитектонското наследство во Општината
6. Продолжување на соработката со естрадните уметници од Општината
7. Зголемено користење на веб страницата на Општината за за промоција на културата и информирање за културните настани
8. Назначување на одговорно лице одделение или сектор за култура во Општината
9. Промовирање на културата во Општината
10. Изработка на гласило за културни настани во Општината
11. Подобрување на соработката со туристичкиот сојуз на град Скопје
12. Подобрување и воспоставување континуирана соработка со Министерството за Култура и Музеите
13. Воспоставување на соработка со Град Скопје за вметнување на културните настани од Општината во календарот на градот
14. Воспоставување на активен дом на културата со сала за културни активности во Општината
15. Обележување на културните и археолошките места во Општината
16. Подготовка и публикување на календар на културни настани за пошироката јавност
17. Воспоставување на канали за информирање на пошироката јавност за културните настани во Општината
18. Подготовка на промотивен материјал за културата и културните настани во Општината
19. Воведување на нови настани за обележување- карактеристични за Општина Ѓорче Петров
    - Ден на железничари

- Тортијади
- Младенци на локалитетот викан змијарник
- Ден на спортот

20. Подготовка на проекти и програми за подобрување на културата и културните активности во Општината
21. Воспоставување на соработка со учесниците во изградбата на Општина Ѓорче Петров после земјотресот во 1963 година
22. Продолжување на традицијата за одржување на постоечките културни настани во Општината
23. Создавање програма "Млади културни дејци" и поддршка на младите во областа на културата.
24. Вмрежување на културата и туризмот

Врз основа на стратешките цели се дефинира следните **Стратешки Приоритети**

| Ред.бр | СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ | Приоритет според бројот на гласови |
|---|---|---|
| 1 | Унапредување на работата на КУД Глигор Прличев | 7 |
| 2 | Воспоставување на соработка со институциите од областа на културата | 2 |
| 3. | Воспоставување на соработката со телата и организациите од областа на културата во рамките на Град Скопје | 5 |
| 4. | Промоција на културата и културното и архитектонско наследство во Општината | 4 |
| 5. | Мапирање на културното и архитектонско наследство во Општина Ѓорче Петров | 3 |
| 6. | Утврдување на културни настани карактеристични за Општина Ѓорче Петров | 6 |
| 7. | Реконструкција и преадаптација на постојниот дом на културата во Општината Ѓорче Петров | 1 |

Конечната листа на стратешки приоритети и стратешки цели за областа култура и културно наследство е следната:

1. **Изградба на дом на културата во Општина Ѓорче Петров**

   - Воспоставување на активен дом на културата со сала за културни активности во Општината

2. **Воспоставување на соработка со институциите од областа на културата**

   - Подобрување и воспоставување континуирана соработка со Министерството за Култура и Музеите, Театрите, Друштвата на поети и писатели, Друштва на ликовни уметници и др.
   - Воспоставување на партнерство со домашни и странски културни институции

3. **Мапирање на културното и архитектонско наследство во Општина Ѓорче Петров**

- Мапирање на културното и архитектонското наследство во Општината
- Обележување на културните и археолошките места во Општината

4. **Промоција на културата и културното и архитектонско наследство во Општината**

   - Зголемено користење на веб страницата на Општината за промоција на културата и информирање за културните настани
   - Промовирање на културата во Општината
   - Изработка на гласило за културни настани во Општината
   - Подготовка и публикување на календар на културни настани за пошироката јавност
   - Подготовка на промотивен материјал за културата и културните настани во Општината
   - Воспоставување на канали за информирање на пошироката јавност за културните настани во Општината

5. **Продлабочување на континуираната соработка со телата и организациите од областа на културата во рамките на Град Скопје**

   - Воспоставување на соработка со Град Скопје за вметнување на културните настани од Општината во календарот на градот
   - Подобрување на соработката со туристичкиот сојуз на град Скопје

6. **Утврдување на културни настани карактеристични за Општина Ѓорче Петров**

   - Продолжување на традицијата за одржување на постоечките културни настани во Општината

- Воведување на нови настани за обележување- карактеристични за Општина Ѓорче Петров
◊ Ден на железничари
◊ Тортијади
◊ Младенци на локалитетот викан змијарник
◊ Ден на спортот
◊ Ден на Ѓорче Петров
- Воспоставување на соработка со учесниците во изградбата на Општина Ѓорче Петров после земјотресот во 1963 година
- Продолжување на соработката со естрадните уметници од Општината

**7. Унапредување на работата на КУД Глигор Прличев**

- Обезбедување на простор за КУД Глигор Прличев
- Продолжување на поддршката на КУД Глигор Прличев од страна на Општината за учество на манифестации

**8. Создавање на програма "Млади Културни Дејци"**

- Обезбедување на простор за креативни културни работилници на младите дејци
- Поддршка на културната дејност на младите со финансиска и логистичка поддршка
- Организирање на изложбени простори за младите
- Организирање на концертни активности на млади музичари од општината
- Давање простор на алтернативните уметности во општината
- Формирање тим за за подготовка на предлог-проекти и аплицирање во национални, регионални, меѓународни фондови од областа на културата

# XIII. Социјална Заштита

## Генерални карактеристики

Состојбата со социјалната заштита на територијата на Општина Ѓорче Петров е генерално поврзана со состојбата во социјалната заштита на државно ниво. Во рамките на Општината се спроведуваат активности кои би ја подобриле социјалната состојба на социјално загрозените лица. Тоа најчесто се одвива преку активности кои се однесуваат на обуки, регистрација, хуманитарни активности кои се одвиваат и организараат во соработка со невладиниот сектор.

Системски решенија за згрижување на лицата со посебни потреби – лицата со ментален хендикеп сеуште не постојат на територијата на Општината.

Во однос на состојбата со старите лица, најчесто истите се организирани преку здружението на пензионери каде се одвиваат и најголем дел од нивните активности. На територијата постои Геронтолошкиот Завод 13ти Ноември кој нуди здравствени услуги и згрижување на старите лица. Постојат и приватни старски домови.
Меѓутоа поради присутноста на невработенст како и зависноста на голем број на домаќинства од пензиите на старите лица, голем дел од нив не го користат услугите на овие органзации.

| Вид на пензија | 2010 |
|---|---|
| | Ѓ. Петров |
| семејна пензија | 2.336 |
| инвалидска пензија | 1.794 |
| старосна пензија | 4.935 |
| ВКУПНО | 9.065 |

Корисници на пензија во Општина Ѓорче Петров

Во однос на невработенста според податоците за последните години може да се види дека бројот на користници на социјална заштита се зголемува од година во година што укажува на соодветно зголемување на невработеноста на територијата на Општината. Според податоците од Државниот завод за статистика стапката на вработенсот изнесува 40% а додека невработенсот 26,8%. Стапката на активност на жените е 47,7%.

**Вкупно корисници на социјална заштита**[11]

| | ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | СКОПЈЕ | % во однос на Скопје | Република Македонија | % во однос на Република Македонија |
|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 784 | 19.784 | 4,0 | 91.472 | 0,86 |
| 2007 | 739 | 18.860 | 3,9 | 91.447 | 0,81 |
| 2008 | 735 | 18.455 | 4,0 | 91.710 | 0,80 |
| 2009 | 746 | 17.387 | 4,3 | 91.619 | 0,81 |
| 2010 | 841 | 18.153 | 4,6 | 91.866 | 0,92 |

Според податоците од Министерството за труд и социјална политика може да се увиди дека бројот на корисници на постојана парична помош во 2010 година изнесувал 70 лица. Истата година имало 293 приматели на социјална помош, а 479 лица биле корисници на помош од туѓо лице- туѓа нега.

## Анализа, стратешки цели и приоритети

| Јаки Страни | Слаби страни |
|---|---|
| 18. Постои проект за помош на стари лица во соработка со активот на жени од Кисела Вода<br>19. Организирање на годишни хуманитарни акции за деца без родители од активот на жени во Општината<br>20. Во Општината се зградите за деца без родители кои тука живеат<br>21. Планирано е просторно решение за дневен центар за деца со посебни потреби<br>22. Во градинката нема постојано вработен логопед<br>23. Комисијата за родова еднаквост работи на проект за семејно насилство<br>24. Општината издвојува финансиски средства за спроведување на акциониот план за родова еднаквост | 15. Нема точни податоци за бројот на лица со посебни потреби<br>16. Не континуирана работа во делот на социјалната заштита<br>17. Нема финансиски средства за социјална заштита во Општината<br>18. Нема стратегија за социјална заштита во Општината<br>19. Нема комисија за социјална заштита во советот на Општината<br>20. Нема лице одговорно за социјална работа во Општината<br>21. Нема дневен центар за лица со посебни потреби<br>22. Нема дневен центар за стари лица<br>23. Соработката со меѓу општинскиот центар за социјални работи<br>24. Во буџетот не се одвојуваат средства исклучиво за социјални прашања од било кој тип ( според акциониот план)<br>25. Недостаток од пристапни рампи и |

[11] Извор: Ministerstvo za trud i socijalna rabota, Меѓуопштinski centar za socijalni raboti - Skopje

| | |
|---|---|
| 25. Постои добра соработка помеѓу невладиниот сектор и меѓу општинскиот центар за социјални работи<br>26. НВО секторот од сферата на социјалните работи добро соработува со Општината<br>27. Присутни се НВОи кои работат во делот на социјална заштита и тоа социјално вклучување на ромите и родовата еднаквост<br>28. На територијата на Општината постојат два приватни дома кои нудат услуга за згрижување стари лица<br>29. Општината има акционен план за социјална заштита<br>30. Општината има искуство и спроведени проекти за вработување на невработени лица со високо образование.<br>31. На територијата на Општината се организираат голем број на хуманитарни акции и активности<br>32. Компанијата АД Адинг е наградена како социјално одговорна и помага во доменот на социјалната заштита<br>33. Постојат здруженија на пензионери<br>34. На територијата постои матична служба за која се грижи Општината | лифтови во јавните објекти (пошта, пазар, полиција, основни училишта, средно училиште)<br>26. Непристапни тротоари за лица со посебни потреби<br>27. Непостоење на градинка на територијата на УЗ Даме Груев<br>28. Нема дневен центар за дневно згрижување на деца Роми од улица<br>29. Нема помош која доаѓа од Општината за самохрани родители<br>30. Нема помош за талентирани сиромашни деца<br>31. Нема континуирани активности за ангажирање на невработените лица<br>32. Нема шелтер центар<br>33. Нема огранок на црвениот крст<br>34. Нема стручен тим за семејно насилство во Општината<br>35. Нема доволно едукација за семејно насилство<br>36. Нема фонд за превенција или помош на итни случаи од елементарни непогоди<br>37. Нема континуирана соработка со постоечките организации лицата со интелектуална попреченост<br>38. Покачен број на ученици кои доаѓаат од социјално загрозени семејства |
| **Можности** | **Закани** |
| 35. Процесот на децентрализација<br>36. Закон за социјална заштита<br>37. Национална стратегија за стари лица и долготрајна нега<br>38. Ромска декада каде Македонија е претседавач<br>39. Закон за еднакви можности<br>40. Закон за антидискриминација<br>41. Закон за волонтирање<br>42. Отвореност на МТСП<br>43. Голем број на фондови и организации кои работат во областа на социјалната заштита | 6. Ограничени фондови во МТСП за социјалните прашања<br>7. Недоволен капацитет на центарот за социјална заштита<br>8. Висока невработеност во државата<br>9. Нема стратегија за намалување на вработеноста |

| | |
|---|---|
| 44. Голем број на НВОи во околината кои делуваат во оваа сфера<br>45. Отвореност на бизнис секторот за спроведување на активности од социјален карактер | |

**Стратешки цели и стратешки приоритети**

1. Продолжување на проектите поврзани со социјалната заштита
2. Продолжување и проширување на хуманитарните акции во Општината
3. Воведување на систем и промоција за давање предност на вработување на лицата од Општината вклучувајќи ги децата без родители, лицата со посебни потреби и социјално загрозените лица кои живеат во Општината
4. Олеснување на даночни обврски за лица со посебни потреби и корисници на социјална помош
5. Воспоставување на соработка со бизнис секторот за вработување на децата без родители
6. Формирање на комисија за социјална и здравствена заштита при советот на Општина Ѓорче Петров
7. Подготовка на општинска стратегија за социјална заштита
8. Обезбедување на финансиски средства за финансирање на постоечките акциони планови за социјална заштита и стратегијата за социјална заштита после нејзиното дефинирање
9. Зголемување на соработката и искористување на капацитети на НВО во делот на социјалната заштита
10. Формирање на економско социјален совет
11. Формирање на одделение или сектор за социјална заштита
12. Формирање на дневни центри во соработка со институциите и другите организации за:
    - Стари лица
    - Лица со посебни потреби
    - Лица кои се бездомници
13. Воспоставување соработка со центарот за социјални работи
14. Подготовка на техничка документација и проекти за пристапни рампи и лифтови во постојните јавни објекти
15. Обезбедување и организирање на активности за формирање на фондови за помош на самохрани мајки, сиромашни талентирани деца и кризен фонд
16. Промовирање на организации кои нудат бесплатна правна помош за социјално загрозените лица
17. Воспоставување на соработка со црвен крст
18. Формирање на локален комитет за социјални случаи Воспоставување на соработка со националните организации за заштита на лица со посебни потреби
19. Зголемена едукација на родителите од социјално ризични семејства со центрите за социјална заштита

Комисијата за социјална заштита после наведените стратешки цели ги утврди следните стратешки приоритети на кои треба да се работи во рамките на Општината:

| Ред.бр | СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ | Приоритет. бр |
|---|---|---|
| 1 | Проширување на телата и органите во општинскиот совет и администрацијата кои ќе се грижат за социјалната заштита | 3 |
| 2 | Континуирана поддршка при организирањето на настани хуманитарни акции и други активности поврзани со подобрување на социјалната заштита | 2 |
| 3. | Подобрување на инфраструктурата за лицата со посебни потреби онаму каде истото не е спроведено | 1 |
| 4. | Спроведување на активности и средби за зголемување на вработеноста | 4 |

**Стратешки цели и приоритети според важноста**

1. **Подобрување на инфраструктурата за лицата со посебни потреби онаму каде истото не е спроведено**

- Подготовка на техничка документација и проекти за пристапни рампи и лифтови во постојните јавни објекти
- Воспоставување на соработка со националните организации за заштита на лица со посебни потреби

2. **Континуирана поддршка при организирањето на активностите како и настаните и хуманитарни акции поврзани со подобрување на социјалната заштита**

- Продолжување на проектите поврзани со социјалната заштита
- Продолжување и проширување на хуманитарните акции во Општината
- Обезбедување и организирање на активности за формирање на фондови за помош на самохрани мајки, сиромашни талентирани деца и кризен фонд
- Зголемена едукација на родителите од социјално ризични семејства со центрите за социјална заштита

3. **Проширување на телата и органите во општинскиот совет и администрацијата кои ќе се грижат за социјалната заштита**

- Формирање на комисија за социјална и здравствена заштита при советот на Општина Ѓорче Петров
- Обезбедување на финансиски средства за финансирање на постоечките акциони планови за социјална заштита и стратегијата за социјална заштита после нејзиното дефинирање
- Формирање на одделение или сектор за социјална заштита
- Подготовка на општинска стратегија за социјална заштита
- Формирање на економско социјален совет
- Зголемување на соработката и искористување на капацитети на НВО во делот на социјалната заштита
- Воспоставување соработка со центарот за социјални работи
- Промовирање на организации кои нудат бесплатна правна помош за социјално загрозените лица
- Воспоставување на соработка со црвен крст
- Формирање на локален комитет за социјални случаи

4. **Спроведување на активности и средби за зголемување на вработеноста**

- Воведување на систем и промоција за давање предност на вработување на лицата од Општината вклучувајќи ги децата без родители, лицата со посебни потреби и социјално загрозените лица кои живеат во Општината
- Воспоставување на соработка со бизнис секторот за вработување на децата без родители

# XIV. Локална Самоуправа

## Генерални карактеристики

### *Кратка историја на Општината*



Со првата административно територијалан поделба на Федерална Македонија од 1945 година Ѓорче Петров била прогласена за месен народен одбор кој функционирал во рамките на Околискиот народен одбор Ѓорче Петров. Првата седница на овој одбор била одржана на 26 Ноември 1945 година кога бил конституиран првиот Извршен одбор со одделите за: финансии, просвета, исхрана и трговија, стопанство, здравствено социјален, и управен оддел. Овој одбор ги вклучувал Ѓорче Петров, Ново Село, Злокуќани и Влае.

Во 1947 година со новата административно територијална поделба Ѓорче Петровската околија се проширила на 38 населени места кои биле распределени во 16 месни народни одбори. Со измените од 1949 година Ѓорче Петров станала дел од Скопскиот округ, а месниот народен одбор преминал во околиски со поголеми ингеренции од претходните.

Во 1952 година во Скопската околија влегувале 18 општини од кои Општината Вучидол која на територијата гиимала сегашните рурални делови од Ѓорче Петров- Никиштани и Орман, а тогашната Општина Ѓорче Петров ги вклучувала населбите: Бардовци, Влае, Горно Нерези, Злокуќани, Ново Село и Оризари.

Во 1965 година Општина Ѓорче Петров влегува во состав на новата Скопска Општината Идадија. Подоцна во 1968 година укинати се собранијата на општините во градот Скопје со што се формира една Општината Скопје.  Во 1976 година со измените Ѓорче Петров повторно била дел од општинксата распределба со што припаднала кон Општината Карпош, при што припаѓале деловите од сегашната Општина Ѓорче Петров како месни заедници.

Општина Ѓорче Петров е формирана во 1996 година со тогашната локална административна распределба на  територијата на Република Македонија. Со законот за




Град Скопје од 1996 година и со законот за територијална поделба и определување на границите на единиците на локлната самоуправа Општината е дефинирана како една од шесте единици на локална самоуправа во рамките на Градот Скопје. Со новиот Закон за локална самоуправа од 2001 година бројот на општините во рамките на Градот Скопје се зголемува на 10 општини. Во рамките на градот останува да функционира и Општина Ѓорче Петров.

Подрачјето на Општина Ѓорче Петров е организииарно во облици на месна самоуправа согласно со Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Ѓорче Петров.

Празник на Општината е 28 Јуни денот на загинувањето на патронот на Општината македонскиот револуционер Ѓорче Петров.

Општина Ѓорче Петров е збратимена со со неколку општини и тоа: Красна Пољана од Софија, Република Бугарија, Кушадаси од Република Турција.

***Советот на општинита***

Советот на Општина Ѓорче Петров во 1996 година броел 19 членови, а престедавач бил Атанас Дуковски. Во 2000 година бројот на членови на советот останал ист, а претстедател бил Љубе Ристовски. Во 2005 година во Советот на Општината се избрани 23 членови, а претседавач бил прота Харалампије Ангелковски. Денес советот на Општината брои 23 членови, а претседател е Александар Стојкоски.

Во рамките на советот активно работат девет комисии и тоа:

- Комисијата за меѓународна соработка и соработка со невладини организации, здруженија и фондации,
- Комисијата за култура, спорт, млади, признанија и награди,
- Комисијата за родова еднаквост,
- Комисија за комунални дејности, улици и патишта,
- Комисијата за урбанизам и заштита наживотната средина,
- Комисијата за образование, наука, здравствена, социјална заштита и заштита на децата,
- Комисијата за статут и прописи,
- Комисијата за финансирање, Буџет и Локален економски развој,
- Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања.

Градоначалници на Општина Ѓорче Петров:

1996 - 2001 Јордан Јакасановски
2001 - 2004 Ане Василевски
2005 - Сокол Митревски

*Просечниот буџет на Општина Ѓорче Петров*

Во односна буџетирањето Општина Ѓорче Петров може да се пофали со добра реализација на годишните буџети во изминатите 7 години. Разликите во проектираните и рализирани буџети се минимални на годишно ниво. Тоа се должи на доброто финансиско управување и домаќинско трошење на буџетските средтсва.

Ваквото добро работење може да доведе до реализација на утврдените стратешки приоритети во рамките на Општината како Општината која е способна и кредитно да се задолжува.

*Организационата структура и Капацитет на Општината*




Во Општината според систематизацјата се пополнети поголем дел од работните места. Сепак останува според распределеноста на вработени дека најмногу е потребно доекпирање на одделението за ЛЕР, и секторот за заштита на животната средина. Недостатоци се утврдени е во дел од другите одделенија и секторите и што постојат можности за нивно доекипирање или евентуално делегирање на надлежности на одделни доставувачи на услуги по пат на ЈПП со цел успешно спроведување на надлежностите на Општината без преоптоварување на буџетот и задоволување на современите трендови на број на вработени по глава на жител.

Анализа, стратешки цели и приоритети

<table>
<tr><th>Јаки Страни</th><th>Слаби страни</th></tr>
<tr><td>1. Има стручен раководен кадар во доменот на урбанизмот и просторното планирање со овластување за планирање и др. светски признати сертификати.<br>2. Има добра соработка со Централната власт (Министерство за транспорт и врски и други надлежни министерства) , со Град Скопје (Секторот за планирање и уредување на просторот Секторот за финансии), како и со  другите општини во состав на Град Скопје,<br>3. Општина Ѓорче Петров е влезена во Втората фаза на фискална децентрализација, што и дава можност на долгорочно задожување за капитални инвестиции;<br>4. Има обучен и искусен раководен кадар,<br>5. Има обучен кадар во сите сектори и одделенија<br>6. Анализа на способностите на постоечките човечки ресуурси  во Општината, нивно правилно искористување и<br>7. Самостојна проценка за потребите од нов човечки потенцијал<br>8. Подготвена техничка документација за изградба на нова општинска зграда</td><td>1. Нема доволен број на извршители во одделението за урбанизам и просторно планирање, особено недостасува правник што ќе работи на правниот дел од полето на урбанизмот.<br>2. Несоодветни услови за работа (пример височина на работна просторија од 2.2м и недоволна кубатура на просторијата)<br>3. Физичка оддалеченост на секторите<br>4. Недоволна посетеност на стручни семинари и обуки<br>5. Невоспоставен систем за пренесување на стекнатите знаења добиени на обуки и семинари<br>6. Недоволна информираност за случувањата во Општината од јавен интерес.<br>7. Дел од вработените не владеат странски јазици<br>8. Општината нема ISO-сертификација.<br>9. Нема воспоставено ГИС за сите области<br>10. Нема доволен број на извршители по Секторите и Одделенијата кои се предвидени со систематизацијата на Општината,<br>11. Ограничени финансиски можности на Општината за развој на човечките ресурси<br>12. Не е воспоставен катастарот на недвижности на целата територија на Општината што ја намалува и ограничува  можноста за движење на капиталот и локалниот економски развој.<br>13. Непостоење на систем за утврдување на акциони планови за рурален развој</td></tr>
</table>

| Можности | Закани |
|---|---|
| 1. Процесот на легализација на дивоизградени објекти.<br>2. Законската регулатива во делот на финансиска самостојност и можноста за задолжување,<br>3. Законската регулатива во делот на постапката за санкционирање на бесправно изградените објекти<br>4. Поволна законска регулатива | 1. Несоодветна соработка на Агенцијата за катастар на недвижности (катастар) со локалната самоуправа, како витален елемент во процесите на планирање.<br>2. Ненавремена достава на законски предлози со цел да се влијае позитивно на предложеното законското решение.<br>3. Преголемо администрирање условенио со законската рамка, а кое во пракса може и треба да биде одбегнато без последици по процедурата за донесување на плановите.<br>5. Чести измени на законите и колизија на законите и законските норми |

Од страна на тимот за изработка на стартегијата се подготвија следните **Стратешки цели:**

1. Континуирано зајкнување на кадарот во Општината
2. Доекипирање на сите сектори и одделенија и формирање на нови сектори и одделенија според потребите
3. Изградба на нова Општинатаска зграда за спојување на физички одвоената Општинатаска администрација
4. Воспоставување на систем на мотивација, надградување и наградување на вработените
5. Организација на интерни обуки во Општината
6. Воспоставување на добар систем за пренесување на стекнатите знаења
7. Воспоствауање на ISO стандарди во Општината
8. Воспоставување на ГИС за Општината
9. Намена на поголеми средства за подобрување на ефикасноста на општинската администрација
10. Искористување на финасиската самостојност за задолжување со цел решавање на приоритетните прашања во Општината
11. Воспоставување на утврден систем за комуникација со државните органи
12. Воспоставување на модерен систем за комуникација во Општината

Врз основа на стратешките цели се дефинираа следните Стратешки приоритети кои од страна на тимот беа распределени по следниот редослед

| **Ред Број** | **Стратешки приоритет** | **Приоритет** |
|---|---|---|
| **1** | Реорганизација и проширување на општинската администрација со цел зголемување на ефикасноста во работењето и подобрување на услугите (ревизија на систематизацијата) | **1** |
| **2** | Овозможување полесно работење и спојување на физички одвоената општинска администрација | **2** |

Конечната листа на стратешки приоритети и стратешки цели за областа локална самоуправа е следната

Конечната листа на стратешки приоритети и стратешки цели за областа локална самоуправа е следната

1. **Реорганизација и проширување на општинската администрација со цел зголемување на ефикасноста во работењето и подобрување на услугите (ревизија на систематизацијата)**

- Воспоставување на систем на мотивација, надградување и наградување на вработените
- Организација на интерни обуки во Општината и воспоставување на добар систем за пренесување на стекнатите знаења
- Континуирано зајкнување на кадарот во Општината
- Доекипирање на сите сектори и одделенија и формирање на нови сектори и одделенија според потребите: Зајакнување на одделението за ЛЕР, Сектор за Урбанизам, заштита на Животната Средина.

2. **Овозможување полесно работење и спојување на физички одвоената општинска администрација**

- Изградба на нова општинска зграда за спојување на физички одвоената Општинатаска администрација
- Воспоставување на модерен систем за комуникација во Општината
- Воспоствaување на ISO стандарди во Општината
- Воспоставување на ГИС за Општината

## XV. Вкупна листа на стратешки приоритети во Општината

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ | приоритет број |
|---|---|
| Подобрување  и доизградба  на водоснабдувањето | 1 |
| Доизградба на системот  за канализацијата (фекална и атмосферска) во општината | 2 |
| Подготовка  на стратегија за користење на обновливи извори на енергија во општината | 3 |
| Изработка на стратегија за Енергетска Ефикасност во општината | 4 |
| Реорганизација и проширување  на општинската администрација со цел зголемување на ефикасноста во работењето и подобрување на услугите (ревизија на систематизацијата) | 5 |
| Овозможување  полесно работење и спојување на физички одвоената општинска администрација | 6 |
| Подобрување на постојната и до изградба на нова патна мрежа | 7 |
| Подготовка на физибилити студија за гасификација  на Општината | 8 |
| Зајакнување на капацитетот на одделението за ЛЕР | 9 |
| Подготовка на програма за дефинирање на потенцијалите за инвестиции во општината | 10 |
| Искористување на постојната проектна  документација за аплицирање во предпристапните  фондови  и други тендери за подобрување на инфраструктурата | 11 |
| Продлабочување на соработката со град Скопје за измени и реализација на ГУП и ДУП | 12 |
| Воспоставување на соработка со институциите и организациите за искористување на предпристапните  програми и други | 13 |

| | |
|---|---|
| фондови за подобрување на состојбата со ЖС | |
| Изработка на стратегија за zаштита на ЖС преку образовни програми и волонтерство | 14 |
| Подготовка на стратегија за развој на туризмот во Општина Ѓорче Петров | 15 |
| Искористување на можности за ЈПП за решавање на инфраструктурните проблеми | 16 |
| Продлабочување и воспоставување соработка со релевантните институции за ЗЖС | 17 |
| Подготовка на програми и проекти за искористување на фондовите кои стојат на располагање за подобрување на образованието и спортот | 18 |
| Воспоставување и реализација на проекти за уредување/регулирање на речни корита | 19 |
| Изработка на стратегија за ЈПП за рециклирање на хартија и стакло | 20 |
| Утврдување на културни настани карактеристични за Општина Ѓорче Петров | 21 |
| Мапирање на културното и архитектонско наследство во Општина Ѓорче Петров | 22 |
| Воспоставување соработка со стопански субјекти за подобрување и унапредување на ЖС | 23 |
| Воспоставување на добар систем за управување со постојните и потенцијалите за нови индустриски зони. | 24 |
| Промоција на културата и културното и архитектонско наследство во општината | 25 |
| Воспоставување на соработка на општината со институциите од областа на здравствената заштита и градот Скопје | 26 |
| Утврдување на состојбата со биодиверзитет во општината | 27 |
| Спроведување на активности и средби за зголемување на | 28 |

| | |
|---|---|
| вработеноста | |
| Промоција на образованието и спортот во Општина Ѓорче Петров | 29 |
| Помагање при организација на промотивни  и информативни активности за здравствена заштита | 30 |
| Подготовка на програма за соработка со НВО секторот во општината | 31 |
| Воспоставување на стратешки документи од областа на образованието и спортот | 32 |
| Проширување на телата и органите во општинскиот совет и администрацијата кои ќе се грижат за социјалната заштита | 33 |
| Воспоставување на соработка помеѓу Основните училишта, Градинката, Општината со бизнис секторот за подобрување на образованието и спортот во Општината | 34 |
| Воспоставување на соработката со  телата и организациите од областа на културата во рамките на Град Скопје | 35 |
| Воспоставување на соработка помеѓу советот на Општина Ѓорче Петров и Невладините организации | 36 |
| Зголемување на општинските активности за подобрување на здравствената заштита во рамките на нејзините можности | 37 |
| Олеснување на соработката помеѓу НВО, Бизнис  секторот и Општината | 38 |
| Подобрување на инфраструктурата за лицата со посебни потреби онаму каде истото не е спроведено | 39 |
| Реализација на ДУП за зелените површини и подготовка на план за зголемување на количеството на дрвна маса на територија на општината. | 40 |
| Континуирана поддршка при организирањето на настани хуманитарни акции и други активности поврзани со подобрување на социјалната заштита | 41 |

| | |
|---|---|
| Воспоставување и обновување на  соработката со институциите за подобрување на локалната економија (министерства агенции) | 42 |
| Воспоставување на локална соработка помеѓу ЈЗО, ПЗО, НВО и Општината | 43 |
| Унапредување на соработката со општините градот Скопје и ЗЕЛС за подобрување на каналите на комуникација | 44 |
| Воведување на нови механизми инструменти за подобрување на комуникациите во Општината | 45 |
| Зголемување на бројот на вработувања во образованието и спортот | 46 |
| Унапредување на работата на КУД Глигор Прличев | 47 |
| Воспоставување на соработка со институциите од областа на културата | 48 |
| Унапредување на соработката со медиумите | 49 |
| Зајакнување на комуникацијата со институциите надлежни во образованието и спортот | 50 |
| Изградба на дом на културата во Општина Ѓорче Петров | 51 |

# XVI. Заклучоци и препораки

Стратегијата за локален економски развој има за цел да обезбеди одржлив развој на локалната заедница, користејќи ги расположливите природни ресурси и човечки потенцијали насочени кон создавање на еколошки прифатлив, економски остварлив, социјално парцитипативен и праведен, културно интегриран и висок животен стандард.

Стратегијата за економски развој на Општина Ѓорче Петров е обврзна за сите актери во Општината, со цел исполнување на приоритетите кои се однесуваат на креирање на политики, како и конкретно споroведување на проекти.

Стратешките определби во кои спаѓаат сите стратешки приоритети се следните:

1. Подобрување на цврстата инфраструктура во Општината
2. Унапредување на процесот на креирање на локални политики и активности за подобрување на меката инфраструктура
3. Унапредување на политиките за соработка со институциите и другите актери на национално и меѓународно ниво значајни за локалниот економски развој во Општината

Цврстата инфраструктура претставува приоритет во општината како основа за добар локален економски развој. Паралелното креирање на политики кои ќе го поддржат спроведувањето на проектите ќе овозможи брз развој на Општина Ѓорче Петров.

Најважните приоритети кои се избрани од постојаната комисија се однесуваат на инфраструктурни проекти кои би овозможиле изградаба на целокупната цврста инфраструктура во Општината. Истите се поврзани со обезбедување на соодветни финансиски средства со цел инвестициите да можат да се реализираат. Како потенцијални средства за инвестиции стојат можностите во буџетот на Општината, евентуалниот самопридонес од населението и неговото поактивно вклучување во акциите преку партиципативни методи за решавање на проблемите на локално ниво. Дополнителни средства можат да се обезбедат преку спроведување на Јавно Приватни Партнерства во одделни области како и преку фондовите од Европска Унија кои стојат на располагање, и можностите преку достапните кредитни линии за оваа намена од други институции и организации.

Во однос на Креирањето на политики, голем дел од активностите може да се реализираат без дополнителни трошоци во општинската администрација. Најважен дел е подобрувањето на соработката со локалната бизнис заедница како и со институциите на национално ниво во одделните области. Поголемо внимание треба да се обрне на

секторската соработка на одделенијата на Општината со релевантните институции во областите во кои се делува.

Како друго решение е спорведување на серија активности кои што би го олесниле процесот на донесување на одлуки на територијата на целата Општината со поактивно вклучување на бизнис секторот кој во моментот е пасивен.

Активирањето и вклучувањето на истиот во сите активности кои ги спроведува Општината ќе придонесе кон поголемо проактивно вклучување на истиот во исполнувањето на сите приоритети за подобрување на локалнито економски развој. Постојано надополнување на регистарот и база на податоци во софтверот за сите субјекти кои делуваат во Општината врз основа на кој ќе се организираат периодични средби на кои општинската администрација со бизнис секторот ќе дискуситираат по најважните прашања, истовремено вклучувајќи го и граѓанскиот сектор. Овие средби ќе придонесат кон полесно тековно решавање на одредени проблеми значајни за локалната економија. Пред се кон делот на вклучување на локалното население во локалното стопанство со подршка на истото и преку овозможување на полесен пристап до преквалификации и образование соодветно на потребите. На тој начин ќе се направи и потврдување на можностите за инвестирање во Општината и нивна реализација, како со внатрешен така и со надворешен капитал.

Како најсоодветни области за инвестиции со цел зголемување на економскиот развој во Општината, а истовремено промовирајќи здрава животна средина се развојот на руралните подрачја како потенцијални дестинации за населението од Скопје за кратки рекреативни активности. Во согласност со приоритетите за искористување на овиепотенцијали потребна е поготовка на подстратегии за развој на руралните подрачја и туризмот. Овие стратегии ги вклучиле параметрите и опциите за привлекување на инвеститори во овие подрачја. Дел од овие подрачја се и културното и архитектонско наследство за кое е потребно истото да биде мапирано и да има значаен придонес во приходите на Општината од туризам. Освен културното наследство големиот број на културни настани во Општината можат да придонесат кон обогатување на туристичката понуда.

Голем економски потенцијал на Општината претставува нејзината територијална поставеност и близината до големите сообраќајници кои оставаат простор за развој на локални услужни дејности покрај истите. Нивната близина може да се искоритси и за поголемо искористување на потенцијалите од руралниот и еко туризмот како и функционирањето на сместувачките капацитети во руралниот дел од Општината.

Присуството на голем број на приватни специјализирани болници во Општината претставува можност за развој на МСП кои истите би ги опслужувале со сосодветни производи и услуги.

Општина Ѓорче Петров во согласнот со глобалните приоритети, големо значење придава на заштитата на животната средина. И во овој дел постојат голем број на можности за развој на економијата во делот на реализација на ЈПП за одржување и рециклирање и преработка на дел од цврстиот отпад.

Со цел полесна реализација на сите активности Општината во рамките на законските можности може дел од своите надлежности да ги делегира и на невладините организации. Покрај делегирањето на надлежности како највисока форма на соработка Општината може да спроведи поголем број на значајни активности во соработка со НВО секторот кои ќе придонесат кон подобрување на еконосмкиот развој. Исто тука постои можност и е дел од целите на Општината да се зголеми волонтеризмот според законските обврски од законот за волонтирање.

Сите наведени потенцијални треба да се стават во функција на сите актери во Општината. Истите да се спроведуваат според начелата за социјално вклучувањње на сите социјално исклучени групи на гараѓани. Тоа ќе придонесе за нивен активен придонес во локалниот развој на Општината.

Општина Ѓорче Петров преку реализацијата на оваа стратегија може да обезбеди подобра иднина за сите оние кои живеат и работат на нејзината територија.

# XVII. Акциони планови за најважните приоритети во Општината Ѓорче Петров според можностите за нај итно решавање на истите

| **Приоритет 1: Подобрување и доизградба на водоснабдувањето** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел** | **Задачи** | **Резултати** | **Индикатори** | **Период** | **Буџет** | **Одговорен** |
| Спроведување на континуирани кампањи за користење на водата во Општината. | 1.Воспоставувањe соработка со релевантните актери на локално ниво<br><br>2.Организација и спроведување на информативно состаноци и сесии во УЗ и МЗ | Подобро искористување на водата за пиење во Општината | Број на одржани состаноци, број на испечатени флаери, број на присутни на состаноците | 2012-2018 | 3500 ЕУР | Одделение за работи на градоначалникот и и јавни дејности |
| Изградба на водовод во село Никиштани | 1. Подготовка на техничка документација<br><br>2. Реализација на инвестицијата | Сите жителите на село Никиштани имаат чиста вода за пиење | Број на приклучоци на водоводната мрежа наспроти бројот на домаќинства | 2013 | 1. Во зависност од опфатот на водоводната мрежа<br><br>2. Во зависност од техничката документација не повеќе од 25000ЕУР | Сектор за урбанизам, комунални дејности заштита на животна средина и ЛЕР<br><br>Сектор за финансиски прашања |
| Изнаоѓање решение за водоснабдување на село Кучково и Никиштани во соработка со населението | Организирање на состаноци со месната заедница и населението и воспоставување на заеднички план на активности за решавање на проблемот | Сите жители плаќаат за водоснабдувањe со што системот се одржува | Број на состаноци и реализирани активности | 2012-2015 | Нема трошоци во буџетот | Сектор за урбанизам, комунални дејности заштита на животна средина и ЛЕР |

| **Приоритет 2: До изградба на системот за канализацијата (фекална и атмосферска) во Општината** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел** | **Задачи** | **Резултати** | **Индикатори** | **Период** | **Буџет** | **Одговорен** |
| Изградба на атмосферска канализација по улиците и патиштата на целата територија на Општината. | 1.Подготовка на техничка документација<br><br>2. Реализација на проектите | Сите улици во Општината имаат атмосферска канализација | Број на реализирани реконструирани улици | 2012-2018 | 2 мил ЕУР | Сектор за урбанизам, комунални дејности заштита на животна средина и ЛЕР |
